УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ СО АРХЕОЛОГИЈА

ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ПО АНТИЧКА АРХЕОЛОГИЈА

# МАКЕДОНСКИТЕ КАМЕНИ САРКОФАЗИ ОД РИМСКИОТ ПЕРИОД

**Магистерска работа**

Ментор:

проф. д-р Антонио Јакимовски

Кандидат:

Христина Пандурска-Смоковиќ,

досие број: 5308/20

**Скопје, 2023**

**Содржина**

**Вовед ....................................................................................................4**

- **Предмет на студијата – Временски и географски рамки.......................................5**
- **Историјат на истражување на античките камени саркофази во Р. Македонија.............................................................................................7**

**Појава и развојни фази на саркофазите низ светската историја.....................................9**

**Римски погребни обичаи и погребни форми застапени во Р. Македонија......................................................................................................12**

**Технологија на изработка и можна идентификација на работилници..........................15**

**Наоѓалишта на саркофази во Р. Македонија...........................................................20**

- **Локалитети во Југоисточниот дел на Р. Македонија............................................21**
- **Локалитети во Источниот дел на Р. Македонија...................................................22**
- **Локалитети по течението на реката Вардар..........................................................23**
- **Локалитети во Западниот дел на Р. Македонија....................................................44**
- **Локалитети во Југозападниот дел на Р. Македонија.............................................45**

**Типологија на саркофазите.......................................................................................46**

- **Атички тип...........................................................................................................48**
- **Малоазиски тип....................................................................................................48**
- **Осуари..................................................................................................................49**

**Декоративни елементи изведени на саркофазите застапени во Р. Македонија...........49**

- **Преглед на застапени мотиви...............................................................................50**
- **Флорни мотиви.....................................................................................................50**
- **Животински мотиви.............................................................................................57**
- **Апотропејски декоративни елементи...................................................................59**
- **Космички декоративни елементи.........................................................................60**
- **Претстава на коњаник..........................................................................................60**

- **Амазономахија.....62**
- **Претстави на утилитарни предмети – вази.....62**
- **Човечки фигури.....63**
- **Грифони.....63**
- **Епиграфски натписи.....64**

**Завршни разгледувања.....65**

**Каталог.....66**

**Карти.....192**

**Графикони.....194**

**Потекло на обработениот материјал.....196**

**Список на кратенки.....197**

**Библиографија.....198**

## Вовед

Соочувањето со смртта, како составен, но и неминовен дел од животот на човекот во антиката довело до систем на вредности кои се почитуваат и се практикуваат низ целиот антички свет, изразени првенствено преку начинот на погребување, изградба на надгробни споменици, верувања, обичаи и култови. Идејата за живот по смртта, т.е. идејата за цикличното раѓање и умирање, придонела за тоа да се посвети особено внимание на смртта, па оттаму се и различните начини и техники на градење на вечното престојувалиште на човекот.

Античките камени саркофази, коишто се пронајдени во текот на повеќе археолошки истражувања (но и како случајни наоди) на територијата на нашата земја, претставуваат еден редок и значаен број од околу стотина камени споменици, кои до денес, како целина, не се објавени. Иако многупати се евидентирани од страна на повеќе истражувачи од оваа област, сепак никогаш не биле обработени и презентирани до крај. Од тука потекна и мојата мотивација, а воедно можам да кажам дека е и голем предизвик, како магистранд по античка археологија, подетално да ги истражам овие значајни споменици и сведоци на минатото и да се обидам да дадам еден сублимат на оваа тема за која има очигледна празнина во македонската археологија, сè со цел конечно да бидат презентирани онака како што навистина заслужуваат. Оттука, сметам дека овој магистерски труд ќе биде од големо значење, особено за идните истражувачи археолози, бидејќи ќе содржи детални и прецизни податоци за сите карактеристики на третираните споменици.

## Предмет на студијата – Временски и географски рамки

Предмет на истражување на оваа тема ќе биде детална обработка и документација на античките камени саркофази, при што главниот акцент ќе биде нивната презентација како една компактна целина, групирани во соодветна типологија.

Погребувањето во камени саркофази на територијата на Античка Македонија се случило мошне рано, уште во ранохеленистичкиот период. Познато е дека меѓу погребувањата во „Големиот Тумул“ во Вергина има кремирани остеолошки остатоци од еден машки покојник. За истите се претпоставува дека му припаѓале на македонскиот крал Филип II. По ова, Александровите македонски генерали главно ја примаат инхумацијата, а воедно и праксата телото да се положува во камен саркофаг, кој пак бил ставан во издлабена гробница во стена. Овој обичај делумно бил пренесен и на територијата на Македонија, главно во Повардарјето и, пред сè, во Пелагонискиот Регион. Но, за жал, камени саркофази не се регистрирани. Со потпаѓањето под римска власт и губењето на економскиот потенцијал на населението, бележиме отсуство на богати погребувања. Дури со пропаѓањето на Римската Република во 27 г. пр. н. е., во т.н. раноцарски период имаме појава на полуксузни погребни форми. Ова особено важи за II – III век од н. е. Економскиот просперитет во регионот на Повардарјето, Пелагонија и Тиквешијата овозможил вистинска ренесанса на уметноста; увоз на луксузни саркофази од грчкиот југ, но и процвет на локалната уметност на мајсторите на камени осуари од Тиквешијата. На територијата на градовите Скупи и Хераклеја доминираат големите камени саркофази од т.н. „малоазиски тип“. Нивната употреба, но и локална продукција ќе трае до длабоко во VI век од н. е. По овој период го бележиме и крајот на доцната антика кај нас. Ова воедно е и крајот на примената на саркофазите на нашата територија.

Територијата/областа на истражување во рамки на овој труд, на која ќе се задржам, ќе биде во рамките на денешната територија на Македонија. Подрачјето на Македонија има специфични белези во својот културен развиток. Наоѓајќи се во централнобалканската регија, ова подрачје не претставува ни во географски ни во културен, па ни во етнички

поглед затворена или изолирана целина, туку напротив, претставува отворен простор подложен на различни влијанија и движења, кои во извесна смисла го одределе културниот развиток на ова подрачје.

Во римско време, од 148 година пр. н. е. до доцниот III век од н. е., најголемиот дел од денешна Македонија влегувал во провинцијата Македонија. Таа се протегала на запад до брегот на Јадранското Море, опфаќајќи ја и денешна Средна и Јужна Албанија (од 129 г. пр. н. е. до IV век од н. е.), а на исток до реката Места (Нест). На југ се протегала до Средна Грција, а на север до планинската бариера Шара – Караџица – Јакупица – Осогово – Плачковица – Малешевски Планини. Надвор од оваа граница останал денешниот Скопско-кумановски Регион, кој во 15 г. од н. е. бил вклопен во новосоздадената провинција Мезија (од 44 г. од н. е. наречена Горна Мезија), која се протегала до Дунав на север. Надвор останал и Осоговскиот Регион со Средна и Горна Брегалница, вклучен во тогашната провинција Тракија (основана во 44 г. од н. е.). Со административните промени на царевите Аурелијан, Диоклецијан и Константин I, овие граници биле делумно изменети. Од провинцијата Македонија бил одвоен западниот крај и од него била создадена нова провинција, Нов Епир (Epirus Nova). Во неа влегол Охридско-струшкиот Регион. На југ била одвоена Тесалија (Tessalia). Од западниот дел на Тракија (Thracia) и југоисточниот дел на Горна Мезија (Moesia Superior) била создадена провинцијата Средоземна Дакија (Dacia Mediterranea) во која влегол Брегалничко-осоговскиот Регион. Од јужниот дел на Горна Мезија била создадена провинцијата Дарданија (Dardania), опфаќајќи го Скопско-кумановскиот Регион. Во доцниот IV век од н. е. уследиле нови поделби. Регионот на Полозите бил одвоен и присоединет кон провинцијата Превалитана (Prevalitana). Од една провинција Македонија биле создадени две: поголема, Македонија I (Makedonia Prima), со седиште во Солун, и помала, Македонија Салутарис (Macedonia Salutaris), со седиште во Стоби. Набргу потоа името ѝ било сменето во Македонија II (Macedonia Secunda). Само оваа провинција е целосно опфатена со територијата на денешна Македонија, додека од останатите 5 споменати соседни провинции, Македонија зафаќала помали делови.[1]

[1] Микулчиќ И., 1999, 207–221.




Слика 1: Граници на доцноантичките провинции на Среден Балкан

Шрафираните зони ја претставуваат денешната територија на Македонија.

## Историјат на истражување на античките камени саркофази во Р. Македонија

Територијата на Република Македонија е предмет на повеќедецениско истражување од страна на бројни домашни и странски истражувачи. Првични информации за археолошкото богатство забележува познатиот археолог сер Артур Еванс, кој во текот на своите патувања низ Балканот во 1883 година започнува процес со што ги поставува основите на археологијата во овие региони. Ги прикажал во делото „Antiquarian researches in Illyricum (Part III and IV)“, WestMinster, 1885.

На почетокот на 20 век, регистрирање врши и Никола Вулиќ, а резултатите ги објавил во списанието „Споменик на Српската академија на науките во Белград“, под наслов: „Антички споменици наше земље“, и тоа во Споменик LXXI (1931); LXXV (1933) и XCVIII

(1941 – 1948). Во нив Вулиќ ги забележал осуарите од Тиквешкиот Регион, дал нивен краток опис, фотографија и ги прочитал натписите.

Блага Алексова евидентирала еден ковчег од саркофаг и го забележала во „Зборник на Археолошкиот музеј“, кн. 1, „Еден нов наод од Скопје“ – Скопје (1955 – 1956).

Иван Микулчиќ дава податоци за неколку примероци на саркофази кои потекнуваат од територијата на локалитетот Скупи. Поконкретен опис и приказ дава за саркофагот кој потекнува од некрополата во Бардовци, го прочитал натписот и дава негов цртеж. Исто така, во Археолошката карта на Македонија нотира постоење на неинвентарирани примероци од повеќе локалитети.

За истиот саркофаг подетални податоци дава и Ћиро Трухелка, во списанието „Гласник скопског научног друштва“, „Археолошке белешке из Јужне Србије“.

В. Битракова-Грозданова, при редовни археолошки ископувања во текот на 1994 година на локалитетот Плачи Круша, село Добовјани – Струшки Регион, меѓу другото регистрирала еден капак од осуар, а забележан е во делото „Религија и уметност во антиката во Македонија“, Скопје (1999).

Живојин Винчиќ, покрај истражувањата кои ги вршел на повеќе локалитети во Тиквешкиот Регион, забележал неколку примероци на осуари во делото „1 000 години антика во Тиквешијата“ каде што дал нивен краток опис, ги прочитал натписите, но не дал фотографии.

Наде Проева дава осврт за иконографијата на тиквешките надгробни споменици. Меѓу другото, се осврнува и на осуарите.

Викторија Соколовска ги забележала двата примерока кои потекнуваат од локалитетот Исар, кој се наоѓа во близина на селото Марвинци, Валандовско, во делото „Исар, Марвинци и Повардарјето во античко време“.

Виктор Лилчиќ во својата докторска дисертација „Каменот за боговите, Христијаните и за животот по смртта“ нотирал повеќе примероци од повеќе локалитети во Македонија, дал нивен детален опис и фототографии од истите. Меѓу другото, неминовно е да споменам дека во текот на неговите многубројни теренски истражувања на Македонија го забележал

и прекрасниот примерок кој потекнува од локалитетот Рупка, во близина на селото Црничани, Општина Новаци.

Никос Чаусидис дава осврт на иконографијата на тиквешките надгробни споменици, меѓутоа се осврнува и на осуарите.

Резултатите од своите долгогодишни истражувања на локалитетот Скупи и неговите некрополи, Ленче Јованова ги објавува во повеќе свои дела, како и во соработка и коавторство со повеќе колеги од археолошката фела каде што, меѓу другото, ги презентира и дел од саркофазите, а дава и детални описи на некрополите во градот, формите и ритуалите на погребувања, со јасна дистинкција на доселениците и автохтоното население.

Градскиот конзерваторски центар во текот на неколку децении наназад од страна на повеќе истражувачи врши истражувања на некрополите на колонијата Скупи.

Покрај овие научноистражувачки потфати, постои огромен фонд на документација во нашите музеи од реализирани детални археолошки истражувања скоро на целата територија на Р Македонија, од каде што може да се добијат низа податоци за материјалната култура која го дефинира човековото делување на овие простори од праисторијата, па сè до ден денес, во континуитет.

## Појава и развојни фази на саркофазите низ светската историја

Како и повеќето живи луѓе во античко време, Римјаните имале релативно краток животен век. Познато е дека болестите биле честа појава, а неретко страдале од повеќедецениски пандемии. Многу луѓе страдале и во војни. Симболички, времето на мир во Римската Империја се означувало со затворање на т.н. „Порта на Јанус“, а од историски извори е познато дека тоа било случај само еднаш во времетраење од една година во повеќевековната историја на Рим.

Погребните обичаи и практики во римското општество имале една од најважните улоги, бидејќи целта била починатите членови на фамилијата да бидат запаметени и одбележувани со разни почести.

Римјаните практикувале две форми на погребување: *кремација* (горење на телото на покојникот) и *инхумација* (погребување на целото тело на покојникот).

Во кремацијата, пепелта од покојникот се сместувала во урни.

Инхумираните покојници биле сместувани во ковчег од дрво, метал (најчесто олово) и во камени ковчези (изработени од монолитни парчиња разновиден камен) наречени саркофази.

Саркофаг претставува ковчег за погреб, односно сад за положување на покојникот, без разлика дали станува збор за кремација или за инхумација. Зборот саркофаг има старогрчко потекло **σαρκοφαγος** (**σαρξ**, што значи тело или месо и **φαγειν**, што значи јаде). Според Плиниј, оригиналниот термин се однесува на ковчег направен од варовник кој имал својство брзо да го разгради телото на покојникот.

Главната цел на овие контејнери, т.н. саркофази, била заштита на телото од контаминација која придонесувала за негово брзо распаѓање и, секако, заштита од ограбувачите на гробници. Исто така, тие имале многу важна религиозна улога низ нивната форма и декорација која се менувала и се развивала низ целата античка историја. За прв пат биле употребени во Египет и Античка Грција.

Саркофазите, како практика, за првпат се среќаваат во Египет, а потекнуваат од времето на третата династија (2650 – 2575 г. пр. н. е). Тие биле дизајнирани да имитираат палата направена од тули од кал, украсена со лажни врати и прозорци. Почнувајќи од единаесеттата династија (2080 г. пр. н. е.), почнува употреба на саркофази изработени од дрво или варовник, во облик на кутија. Во седумнаесеттата династија (1630 – 1540 г. пр. н. е.) почнале да се употребуваат антропоморфни саркофази (човечка форма со врежан портрет на главата) со залепени листови од папирус на нив, а подоцна биле правени од дрво, од керамика или од камен. Во случаите кога станувало збор за кралско погребување, некои од саркофазите биле правени од злато или од сребро. Во осумнаесеттата – дваесеттата династија (1539 – 1075 г. пр. н. е.) повисоките класи правеле внатрешни ковчези од дрво

или од метал и ги ставале во надворешни камени саркофази, практика која продолжила и во птоломејскиот период.

Во егејското подрачје, иако надвор од хеленското копно, во средно минојско време (2000 – 1570 г. пр. н. е.) во општа употреба влегле правоаголни теракотни ковчези т.н. **ларнакси**, кои имале сликани декорации, а најчесто имале облик на куќи или кади со големи рачки.

Феникијците развиле антропоморфен саркофаг од бел мермер од египетски тип во V век пр. н. е., а во хеленистичко време биле специјализирани за изработка на оловни ковчези и мермерни саркофази со декорации со детални врежувања.

Во Италија, почнувајќи од околу 600 г. пр. н. е., па натаму, од страна на Етрурците биле користени камени и теракотни саркофази, додека по 300 г. пр. н. е. скулптурални саркофази биле користени од страна на Римјаните. Овие саркофази често имале издлабени фигури на покојниците легнати на капаците кои биле во облик на т.н. кауч, а се нарекувале **клине**.

Погребувањето во камени саркофази е погребен обичај познат уште од архајскиот период и е многу често користен во римскиот период во Италија, и тоа многу рано во сите провинции. Во текот на скоро 5 века, од I до VI век од н. е., голем број саркофази се произведени во Римското Царство. Во XIX век, истражувачите почнале да ги класифицираат сочуваните примероци според нивните иконографски елементи и во почетокот главно ги проучувале нивните украси. Иако нивните украси укажуваат на тоа дека саркофазите се произведувале сериски, кај некои од нив може да се забележи високо уметничко ниво на изведба, што ги издигнува на ниво на дел од уметничкиот занает. Исто така, може да се забележи дека во затворени иконографски групи, секој примерок многу се разликува од останатите. Префериран материјал е мермерот. Сцените прикажани на саркофазите најчесто се теми од секојдневниот живот, со значење поврзано со покојникот кој е положен во саркофагот, а во некои случаи тоа се митолошки сцени поврзани со верувањата на покојникот. Во насока на типологијата на овие примероци, може да се издвојат два типа, **атички** и **малоазиски тип**, кои некако се поклопуваат со главните центри на нивното производство.

Во IV в. пр. н. е. во Керамеикос, Атина, се јавуваат т.н. **осуари**. Најпознатиот пример за овој тип потекнува од Филиповата гробница во Вергина, кој е изработен од злато. Но, истовремено осуарите се јавуваат и во Италија, во раниот империјален период, бидејќи

кремацијата е доминантна форма на погребување. Во употреба ќе останат до III век кога под налет на христијанството инхумацијата, како форма на погребување, ќе надвладее.

Во погребните практики на Античкиот Рим саркофазите продолжуваат да се практикуваат до крајот на антиката и понатаму низ средниот век. Тие биле резервирани претежно за елитата на римското општество, но и за деца, за сакани членови на семејството и така натаму.

## Римски погребни обичаи и погребни форми застапени во Р. Македонија

Погребниот ритуал, како по формата така и по содржината, претставува еден од најсигурните показатели со кој се дефинираат карактерот и степенот на духовната култура на една област во даден период, особено во поглед на односот на автохтоната традиција и интензитетот на туѓите влијанија.[2]

Во римскиот период, впрочем, како и денес, некрополите (градови на мртвите) секогаш се наоѓале надвор од населбите, односно тие се оформувале на излезите или на влезовите од градовите од двете страни на пристапните патишта. Над гробовите се поставувале надгробни споменици со епитаф со цел вечно паметење и спомнување на покојникот.[3]

Римјаните практикувале две форми (ритуси) на погребување: кремација (горење на телото на покојникот) и инхумација (погребување на целото тело на покојникот). Основен начин на погребување во раноримскиот период е кремација на покојниците. Овој ритуал на погребување се манифестира преку различни форми на гробни конструкции и гробни дарови. Истражувањата на градските некрополи во големите градски центри, кои постојат во раноримскиот период, потврдуваат дека на целата територија доминира погребувањето со кремација. Сепак, тешко е да се каже дали се работи за прифаќање на римскиот погребен ритуал или за продолжување на старата локална традиција на погребување, при што домородното население, сепак во нешто изменета форма, ја задржува својата

[2] Винчиќ Ж., *1 000 години антика во Тиквешијата*. 1996, 389.
[3] Јованова Л., *Македонија*. 2013, 872.

индивидуалност. Мошне ретко се среќава депонирање на изгорените остатоци во урна (осуар), што е карактеристичен римски ритуал. Најчесто се практикува погребувањето на кремираните остатоци во обични јами во кои се положени остатоците од кладата (ustrinum) или пак запалувањето на покојникот се вршело во самите погребни јами (bustum), при што нема одвојување на местото на запалување од местото за погребување како во претходниот случај. Во овој период децата биле исклучиво скелетно погребувани, обичај што го налагале и римските прописи. Оваа практика е потврдена во некрополите во Скупи, но не е утврдена горната старосна граница. Забележани се различни манифестации во начинот на обликување и изгледот на погребните јами, па тие може да имаат нагорни ѕидови или уште една јама на дното или да имаат надземен насип од земја или камења (могила), што е особено карактеристично за Југоисточна Македонија. Според начинот на погребување во гробната јама, врз остатоците од кладата биле полагани дарови за кои се сметало дека ќе му користат на покојникот во новиот живот: садови, светилки, монети, накит и др. Предметите за лична употреба, накитот, делови од облеката и сл. гореле заедно со покојникот и слабо се сочувани.

Под силно влијание на верувањата и култовите од исток, донесени кај нас преку војската и доселениците (трговци, занаетчии), веќе кон крајот на I век од н. е. постепено почнува да се прифаќа и да се применува скелетното погребување. Скелетното погребување или инхумацијата се вршело во обични гробни јами, дрвени ковчези, гробни ковчези оформени од тули или од камен (цисти), ѕидани гробови и камени или оловни саркофази. Независно од видот на погребувањето, инхумација или кремација, како и од применетиот ритуал на погребување, присутна е иста религиозност во сфаќањето на задгробниот живот. Гробот во сите случаи е привремено престојувалиште на покојникот преку кој се одржува траен контакт на живите и мртвите. Потврда за тоа е присуството на садови или цевки за течни жртви (либација) над гробот преку кои покојникот ја задоволува потребата од течна и цврста храна, манифестирана и преку присуството на разни видови садови. Ламбите обезбедувале светло за покојникот, за осветлување на неговото патување во подземниот свет.




Слика 2: Скелетно погребување со обол

Монетите (Харонов обол) требало да послужат за плаќање на патарината за премин на покојникот во царството на мртвите (слика 2).

Тоа е периодот кога сите покојници, независно од своите дела (дали добри или лоши) имаат божествени заслуги, што е потврдено со присуството на посветата на **боговите мани** (Dis Manibus) на надгробните споменици. Во иста функција е и појавата на златни ливчиња (емблеми) во некои од гробовите, што претставува обожување/дивинизација на покојникот со традиција која трае уште од хеленистичкиот период. За ова сфаќање на светот на мртвите известува и Кикерон (Cicero), кој вели: „Дајте им го на мани она што им припаѓа, тоа се луѓето кои го напуштиле животот, сметајте ги за божествени суштества." Од тие причини многу е важно покојникот да добие гроб за да му се обезбедат мир, контакт со наследниците и потребната храна и внимание кои ги заслужува. Гробот истовремено е единственото место од каде што може да се стигне во царството на мртвите. Оној којшто не бил погребан според прописите, немал трајно престојувалиште, па неговата душа била отсутна.

Државата, односно градот, го контролирала одржувањето на некрополите. Гробот е свето место за чие одржување се грижи семејството, пред сè машките наследници. Во текот на одредени празници (приватни или државни) на гробовите на покојните предци се носеле: цвеќе, храна и пијалак и се извршувале посмртни обреди. Приватните празници се поврзани со обреди кои ги извршуваат членовите на семејството, и тоа: на роденденот, на денот на смртта или на некој друг значаен датум од животот на покојникот. Доколку покојникот немал директни наследници, за погребните обреди се грижеле специјализирани погребни здруженија (*collegium funeraticum*), кои биле организирани на професионална или религиска основа, но секогаш со заедничка цел да се обезбедат средства за погребните трошоци на

своите членови, кои во текот на животот плаќале членарина за погребните трошоци и постпогребните обреди.[4]

## Технологија на изработка и украсување на саркофазите и осуарите и можна идентификација на работилници

Иако со релативно мала територија, Република Македонија се одликува со изразито разнороден и комплексен релјеф, односно има богат геодиверзитет со сложена геолошка градба, која е главен предуслов за појавата на рударството и металургијата, но и главен индикатор за застапеноста на саркофазите на одредена територија. Се среќаваат геолошки формации речиси од сите геолошки периоди, така што се застапени сите видови магматски, седиментни и метаморфни карпи, кои поради својата застапеност на територијата на Македонија, но воедно и поради структурата, односно тврдоста која ја имаат, тие имаат својства на голема подложност на обработка, што претставува основен индикатор за појава на рударството и металургијата уште во најраниот населбински живот во Македонија.

Паралелно со добивањето метали, се развила и експлоатацијата на неметални суровини, особено на мермерот и украсните камења. Експлоатацијата и користењето на мермерите и украсните камења имаат мошне долга традиција на целата територија на етничка Македонија. Обработката на каменот и покрај тоа што имала висок зачеток во класичниот период, замира низ периодот на хеленизмот и речиси потполно низ I век од н. е. Скромни знаци за подобрување на состојбата претставува издигањето на Стоби во муниципиум (69 година од н. е.) и Скупи во ранг на колонија (84 – 85 година од н. е.) Со сигурност се знае дека организирана и масовна експлоатација на декоративниот камен почнала уште во времето на Античките Македонци. Завладувајќи ја Македонија во II век пр. н. е., Римјаните интензивно почнале да ги експлоатираат нејзините рудни богатства. Биле откриени голем број рудници за мермер од кои биле вадени големи блокови за градење театри, палати, базилики, трајни уметнички творби – споменици, како и за приватни потреби, особено за градење и за подигање надгробни споменици, почесни плочи, саркофази, урни и.т.н. На

[4] Јованова Л., *Македонија*. 2013, 873–877.

некои места каде што немало мермер, биле употребени и други видови украсни камења, како: травертин, андезит, гранит и варовник.[5] Мермерот кој е користен за изградба на горенаведените споменици и градби е добиван од најексплоатираните наоѓалишта на мермер во Македонија, односно од локалитетите: Сивец, с. Присад, Прилепско; Плетвар, с. Плетвар, Прилепско; Марков Стап, с. Мрзен, Кавадаречко и Курилово, с. Дебриште, Кавадаречко. Мермерот од Сивец, кој е во обемна експлоатација и денес, е бел и ситнозрнест, со одлични квалитети, така што е многу погоден за уметничка обработка и за употреба во градежништвото, поради што бил широко употребуван во минатото. Со мермер од Сивец е изграден целиот театар во Хераклеја, како и голем број статуи, торза и други споменици. Градот Стибера е изграден со мермер од Сивец, односно тука посебно треба да се истакне дека пронајдените статуи, торза, епиграфски споменици, релјефи и.т.н. се најквалитетните и најрепрезентативните дела од уметноста, што индицира дека во овој град постоеле работилници во кои работеле искусни мајстори вајари. За разлика од сивечкиот, плетварскиот мермер е крупнозрнест, потврд и потежок за обработка, поради што Римјаните не го користеле масовно како оној од Сивец. Мермерот пак од Марков Стап е крупнозрнест и обоен во разни нијанси, меѓу кои доминираат зеленикавата и светлокафеавата боја, во комбинација со белата. Во споредба со сивечкиот мермер, овој е потврд, тешко обработлив и непогоден за правење трајни уметнички творби. Од овој локалитет биле вадени големи блокови и колони за потребите на театарот, палатите и базиликите во Стоби. Во подножјето на Марков Стап имало и друго наоѓалиште на мермер од каде што е ваден и експлоатиран сив мермер. Во Стоби се откриени голем број градби од сив мермер од Марков Стап, меѓу кои е и Теодосиевата палата градена во V век, но ова наоѓалиште на мермер не ја продолжило експлоатацијата на сивиот мермер, најверојатно поради тоа што овој мермер не бил погоден за обработка и мајсторите не останале задоволни од неговата боја и неговиот квалитет. Покрај градбите од мермер од Марков Стап,  голем број градби во Стоби се изградени со мермер од Курилово. Овој мермер главно е бел со зеленикави и светлокафеави нијанси. Во римскиот период ова наоѓалиште на мермер е едно од најексплоатираните, така што од овој локалитет се извадени повеќе стотици мермерни блокови, кои се грубо обработувани на самото место. Потоа биле транспортирани во Стоби и биле подложени на преработка во работилница каде што

[5] Керамитчиев А., *МАА*., 1981 – 1982, 109–110.

работеле искусни мајстори вајари. Како што веќе напоменав, со мермер од Курилово и од Марков Стап се изградени театарот, форумот, палатите и базиликите во Стоби, но Римјаните поретко ги користеле овие мермери за трајни уметнички дела, бидејќи тие биле крупнозрнести, не биле еднобојни и биле непогодни за таа намена. Дури е мал бројот и на епиграфските – вотивни и надгробни споменици или тоа се само изолирани случаи.[6]

Експлоатација на мермер е вршена и на други локалитети на кои во моментов не би се задржувала многу, бидејќи тие податоци не се однесуваат на спомениците кои се третираат во овој труд.

На подрачјето на Македонија се откриени доста осамени епиграфски и други споменици кои се изработувани од мермер или од украсен камен од локални каменоломи и наоѓалишта на мермер кои биле послабо експлоатирани. Во некои случаи како суровина биле употребени и обичен варовник, бигор, травертин и други видови украсни камења од локалните мајстори кои не биле искусни како оние од Стоби, Хераклеја и Стибера. Во Скупи, пак, покрај споменици кои биле изработени од мермер од Курилово и од Марков Стап, за изработка на уметнички творби и за градење градби е употребен доста квалитетен украсен камен травертин, кој нашироко се експлоатирал од бројните каменоломи кои се наоѓаат на периферијата на Скопската Котлина. Во римскиот период доста експлоатирани каменоломи за травертин се кај селото Свиларе, Матка и Волчји Дол, Кисела Вода. Исто така, неретко се среќаваат и споменици од варовник, кој е експлоатиран од каменоломите во Сопот, Бањани и Говрлево.[7]

Во македонските градови работеле групи составени од мајстори вајари или каменоресци (кои биле нарекувани lapidarii или marmorarii или fabri subaedianii) со своите помошници, кои биле од сталежот на робови, додека каменоломите и наоѓалиштата на мермер секогаш му припаѓале на дворот на императорот. Како што веќе споменав, идентификувани ателјеа (работилници) за обработка на мермер имало во Стоби, Хераклеја и Стибера. Во Скупи пак, поради големиот број споменици и градби изградени од травертин, но и очигледните стилски манири на ателјеата, може да се заклучи дека Скупи бил главен каменорезачки центар во провинцијата. Мајсторите вајари или каменоресци употребувале широк спектар

[6] Керамитчиев А., *МАА*., 1981 – 1982, 111–114.
[7] Ibid, 119–120.

на техники за обработка на мермерите и другите украсни камења. Процесот секогаш започнува најпрвин со избор на материјал (суровина) од кој ќе се изработува саркофагот или осуарот. Тоа секогаш зависи од достапноста на одреден тип на камен во одреден регион, од неговите својства, односно од тврдоста и од неговите естетски својства (структурата и бојата). Потоа се пристапува кон вадење на материјалот од наоѓалиштата на мермер или од каменоломите. Вадењето се состои од 3 фази: откривање на површинскиот слој (вегетација, земја или распукнат дел [камена маса која не е за употреба] таканаречен мртов терен), обликување камени форми и опкопување на камениот елемент и отцепување и одвојување од карпестата маса со помош на метални клинови (cunei). Треба да напоменам дека работата и просторот во каменоломите биле доста организирани. Работата ја вршеле робови, односно осудени христијани, кои биле користени како сурова работна сила и пообучени робови каменоделци, кои вршеле груба обработка на суровинскиот материјал. Надзор на експлоатацијата во каменоломите вршеле царските прокуратори.

Следна фаза во процесот е транспортот на делумно обликуваните камени блокови до работилницата или ателјето за обработка. Транспортот зависел најмногу од големината и од тежината на камениот елемент и се вршел со добиток (волови и биволи) кои ги влечеле камените блокови на скела или ниски тркала.

Откако ќе се донесе суровинскиот материјал во работилницата или ателјето, мајсторот каменорезец пристапува кон обработка на каменот која се состои од три постапки: мерење и одбележување, потоа прецизно длабење на камениот елемент.

За мерење, каменоресците се служеле со неколку стандардни мерки, како што се: палец – digitus, дланка – palmus, стапка – pes, дланка – стапка – palmipes, лакт – cubitus, чекор – gradus,  двочекор – passus, бразда – actus, милја – mille passus. Основна единица била една римска стапка.

Во текот на обликувањето на камените елементи, мајсторот ги бележел потребните мерки на каменот со посредство на соодветни, за тоа време стандардни мерни инструменти: линијка (линијар) – regula, агломер – norma, либела – хоробат – χοροβατες, либела – labella, висок – perpendiculum, шестар – circinus.

Алатките кои биле користени за вадење и за обработка на каменот од каменоломите и подоцна во ателјеата биле разновидни. На каменоломите главно преовладувале погрубите алатки во вид на копачки чекани, казми, двосечни секири, тешки чекани токмаци, чекани со две пирамидални острици. Исто така, биле користени и алатки посредници, како што се: клиновите, некои варијанти на чекани за подметнување под удар, шилести клинови или поретко рамни секачи. Каменоресците употребувале пофини инструменти за прецизно обликување на каменот, и тоа: повеќе варијанти на длета, помали железни чекани, дрвени чекани, некои варијанти на тесли и мотики, свредел.

Ударни алатки: дикел – чекан – aisculus, тесла – ascia, казма – копач – sarculum, секира – казма – dolabra, секира – дикел (мотика) – dolabra, ascia, чекан –ferrum, malleus, marcus, marculus, rostrum, martellus.

Алатки посредници: длето - scalprum, tornus, caelum, клин – cuneus, свредел – terebra, пила – serra.

Голем број алатки во вид на дигалки се користени и за подигање на камените блокови.

Мајсторите каменоресци за обработка на камените елементи користеле техника т.н. длабење со длета со разновидни облици: 1) шилесто длето – штемајз, за прелиминарно, грубо делкање; 2) секачко длето со рамно сечило, за периферни резови на површината; 3) секачко длето со назабена острица; 4) длето со конвексна острица за делкање канелури (канали); 5) длето со косина подебела одошто поширока; 6) длета со сечила под прав агол. За декорирање се користела техника на гравирање, техника на дупчење со свредел при моделирање. Декорациите се изведувани во плиток или висок релјеф.[8]

Исто така, треба да се спомене дека покрај тоа што во градовите имало ателјеа, односно работилници, поради забележливата рустична обработка на спомениците во помалите места, имало и не толку искусни локални мајстори како оние од градските ателјеа (работилници), кои се одликувале со провинцијален стил, односно рустична обработка на украсниот камен.

[8] Лилчиќ В., 2001, 77–99.

Голем дел од наоѓалиштата на мермер и каменоломите биле експлоатирани и во средниот век, но и во турскиот период, што се потврдува со многубројните споменици откриени досега. Но, исто така треба да се спомене и дека голем дел од нив се експлоатираат и денес.

## Наоѓалишта на саркофази во Македонија

Распространетоста на камените саркофази на територијата на Македонија е концентрирана на неколку региони. Според резултатите од досегашните систематски археолошки истражувања и случајни наоди, присуството на камените саркофази на територијата на Македонија е потврдено на вкупно четириесетина локалитети, но бројно најголема концентрација има долж течението на реката Вардар, односно на локалитетите во Тиквешкиот Регион и територијата на локалитетот Скупи.

Во југоисточниот дел на Македонија е регистриран само еден примерок на атички тип.

Во Источна Македонија, исто така е регистриран само еден примерок на атички тип на саркофаг, и тоа на локалитетот Баргала.

По течението на реката Вардар состојбата е сосема различна отколку во источниот и југоисточниот дел на Македонија. Во Тиквешкиот Регион преовладуваат осуарите, а регистрирани се 45 примероци на вкупно 6 локалитети во околината на Кавадарци, 9 локалитети во околината на Неготино, 2 примероци од локалитетот Исар, во близина на селото Марвинци, 6 примероци од Стоби. Најголема концентрација на саркофази има на територијата на локалитетот Скупи, вкупно 33 саркофази и 4 осуари досега откриени. Но, овој број не е конечен, бидејќи нови примероци се евидентираат постојано со секое ново археолошко истражување.

Во југозападниот дел на Македонија, односно во Битолскиот Регион досега има регистрирано 4 примероци од локалитетот Хераклеја. Во Прилепскиот Регион, пак, изненадува фактот дека бројот на саркофази и осуари е многу мал. Најверојатно, недоволната истраженост на регионот е причина за отсуството на ваквиот тип на споменици и фактот дека некрополата на градот Стибера сè уште не е лоцирана. Регистрирани се само

7 примероци на осуари, и тоа: еден примерок од локалитетот Гробишта I, село Дупјачани, еден примерок на случаен наод од село Топлица, еден примерок взидан како сполија во апсидата на црквата Св. Дух во село Локвени, еден примерок вграден како сполија во црквата Св. Никола во Варош, еден примерок од Ореовец и еден примерок од село Браилово. Еден мермерен примерок е регистриран на локалитетот Рупка во атарот на селото Црничани, Општина Новаци.

Во Западна Македонија бројот е навистина мал. Во овој регион е регистриран само еден примерок на капак од мал осуар, во атарот на селото Добовјани, во близина на градот Струга.

Во ова поглавје ќе дадам кусо претставување на локалитетите за да се види нивниот карактер и локација со цел да се добие појасна слика за присуството на саркофазите и осуарите на територијата на цела Македонија.

- **Локалитети во Југоисточниот дел на Р. Македонија**

**Локалитет Манастир, Дојран**

Локалитетот Манастир кој, за жал, денес го опфаќа централниот дел на Дојран, што е најгусто населен и е најмногу оптоварен со современа урбанизација, бил уништен со поставувањето канализација заради приклучување на централното градско подрачје во колекторскиот систем на Дојранското Езеро. При изведување на работите, констатирани се шест целосно и четири делумно оштетени гробни конструкции. Меѓу делумно оштетените конструкции ќе се задржам на Гроб бр. 2, кој претставува гробница конструирана од секундарно преработени архитектонски мермерни елементи од постар саркофаг од атички тип.[9]

[9] *MAA.*, 1997 – 1999, 190.

## ❖ Локалитети во Источниот дел на Р. Македонија

### Локалитет Баргала, Штип



Слика 3: Панорама на Баргала

Античкиот и доцноантичкиот град Баргала се наоѓа 17 километри североисточно од модерниот град Штип. Сместен е во подножјето на планината Плачковица, на левиот брег на реката Козјачка, на локалитетот Кале, во близина на селото Горни Козјак. Градот бил пајонска населба, која во царскиот период го добила своето тракиско име. Имено, градот Баргала од релативно мала населба прераснал во напреден град во античкиот период, а подоцна, во доцноантичко време, во моќен центар и едно од главните епископски седишта по средниот тек на Брегалница. Градот бил еден од највлијателните градови во IV век за да достигне кулминација во својот развиток во Јустинијановото време. Како и многу други градови во Македонија и градот Баргала настрадал од аварословенските инвазии, по што набргу бил населен од словенските племиња.

Во Баргала, при редовни археолошки истражувања во 1971 година, изведени од страна на академик Блага Алексова и Ц. Манго, се откриени два фрагменти, делови од декорација на саркофаг од атички тип. Во 2010 година, при други археолошки истражувања, е откриен долниот дел од саркофагот, во доста оштетена состојба, со што е надополнето сознанието за неговото постоење. Оштетувањето е настанато уште во текот на христијанскиот период

кога дел од декорацијата била намерно отстранета и саркофагот бил реупотребен како корито за чешма.[10]

- **Локалитети по течението на реката Вардар**

**Локалитети во Тиквешкиот Регион**

Епиграфските споменици кои во последниве години се појавуваат како случајни наоди во Тиквеш се надгробни, испишани на плочи и на осуари. Имајќи го предвид фактот дека во регионот има огромен број надгробни натписи, новиот епиграфски материјал се вградува во сликата која и до сега ја имавме за населението во периодот од I до III век. Врз основа на антропонимијата и на ономастичката формула заклучуваме дека носителите на надгробните споменици се припадници на автохтоното население, кое делумно се романизирало преку прифаќање на римските лични имиња во македонската ономастичка формула, а ги задржало и типичните грчко-македонски антропонимиски обележја. На натписите не наоѓаме римски граѓани, туку носители на македонската ономастичка формула, која во најголемиот број случаи е нецелосна, односно содржи само лично име без патронимик или метронимик во генитив, за што вообичаено се смета дека е показател на припадност кон пониските слоеви на римското општество[11].

**Исар, Марвинци**

Локалитетот Исар, населба и некропола со континуитет од VII век пр. н. е. до VI век од н. е. се наоѓа непосредно до селото Марвинци, од неговата југозападна страна, на мошне пристапна височинка. Станува збор за една значително голема населба, која во текот на

---

[10] *FAB.*, 2018, 300–301.
[11] *ЖА.*, 2012, 27.



Слика 4: Панорама на Исар

хеленистичката епоха доживува еден општ просперитет, односно својот економски потенцијал го развива под локални услови, прераснувајќи од помала агломерација во населба од градски тип. Но, со дефинитивното покорување на Македонија од страна на Римјаните, настанува осиромашување и стагнирање на животот во населбата. Тоа трае до времето на Август, кога настанува нов полет на градовите во Македонија, па и во градот на Исарот.

Во времето на раното Римско Царство, населбата се развива и се проширува. Судејќи по обемниот археолошки материјал, најголем интензитет на живеење има во III век од н. е. Во I век од н. е. градот претставувал автономна општина – полис каде што постоел конвент (собрание) на доселени Римјани. Кон средината на III век од н. е., најверојатно во времето на готската наезда во 268 година, градот осетно настрадал. Но, набргу се обновил и заживеал со несмален интензитет.

До кога и со каков интензитет се одржал животот во градот на Исарот сѐ уште не е прецизно утврдено, како што и извесните претпоставки за идентификување на населбата со градовите Идомене или Добер остануваат сѐ уште недоволно потврдени.

Од досегашните археолошки истражувања, истражувана е само јужната некропола, при што е констатирано дека таа е користена подолг период за погребување (од крајот на V до средината на II век пр. н. е.). Во текот на III и IV век од н. е. повторно се користи како простор за погребување. Со погребувањата од ова време се уништени многу постари

гробови. Во подоцнежниот период, како една од позначајните појави е присуството на нов етнички елемент, кој се одразува во карактерот на гробните прилози, туѓи на Римјаните.[12]

Од овој простор потекнува еден капак од саркофаг од малоазиски тип и доста оштетен долен дел од осуар.

**Кавадарци**

Во Кавадаречкиот Регион се регистрирани вкупно 11 примероци на вкупно 7 локалитети, од кои 8 се капаци за осуари, 2 ковчези од осуари и еден комплетен примерок од капак и ковчег. Локалитетите на кои се откриени овие примероци се:

**Кавадарци**

Во непосредна близина на градот се откриени населби и некрополи од различни временски периоди, во распон од енеолит, па сè до доцноантичко време, што наведува на заклучок дека на овој простор има долг континуитет на живеење. Во интерес на мојот магистерски труд, ќе напоменам дека на овој простор се најдени 5 примероци на осуари кои се чуваат во Музеј галерија – Кавадарци и во НУ Археолошки музеј на Македонија (Куршумли ан).[13]

**Белград, Кавадарци**

Населба од доцноантичко време. На 6 километри источно од градот, во непосредна близина на зградата на ЗИК „Тиквеш", особено во парцелите 37 и 38, се среќаваат фрагменти од керамички садови, архитектонска и скулптурална пластика. Откриени се гробови од камени плочи, тип циста. Исто така, регистриран е само еден примерок, односно капак од осуар, кој денес се чува во Музеј галерија – Кавадарци[14].

**Сува Чешма, с. Глишиќ**

Населба и некропола од доцноантичко време. На 3 километри југоисточно од селото Марена во нивата на В. Габеранов и во соседните ниви се среќаваат фрагменти од

[12] *АК.*, 1996, 55–59.
[13] Ibid, 149–150.
[14] Ibid, 150.

керамички садови, тегули, имбрекси, како и остатоци од некропола. Од овој локалитет потекнуваат два капаци за осуари.[15]

**Шамаци** е локалитет кој се наоѓа меѓу селата Ресава и Брушани. Во атарите на двете села се регистрирани повеќе локалитети кои претставуваат населби, некрополи, кои постоеле во различни временски периоди, но најголемиот дел од нив датираат од римскиот и доцноантичкиот период. За жал, за овој локалитет не се достапни подетални податоци за да може поконкретно да се опише неговиот карактер. Од овде потекнува еден капак од осуар, кој денес се наоѓа во Музеј галерија – Кавадарци.

**Чаковец, с. Ресава**, населба од неолитско и некропола од римско време. Се наоѓа на 2 километри источно од селото, од левата страна на патот за селото Дабниште, односно десно од Дабнишка Река. Претставува рид/височина чија јужна страна стрмно се спушта и има отворен поглед кон коритото на реката. На другите страни се надоврзува на слични височини, меѓусебно поврзани или одвоени со суводолици. Всушност, Чаковец и неговата околина се дел од масивот на планината Кожув, што како гребен се спушта кон селото и Црна Река. На врвот има нерамно плато, издолжено во правец север – југ, со простор од околу 6 хектари на кој се среќаваат фрагменти од неолитска керамика од поголема населба. Во 1986 година, тогашниот Музеј на Македонија извршил пробно ископување, при што во слој од 2 метра се констатирани два хоризонти на живеење. Според типолошките карактеристики на керамиката, во постариот хоризонт понагласено се присутни елементи од постариот неолит на Југоисточна Македонија. Во источниот дел на локалитетот се откриени надгробни стели и еден кружен осуар (единствен во Македонија од ваков тип). Наодите, како и осуарот, се чуваат во НУ Археолошки музеј на Македонија.[16]

**Чука, с. Сопот**

За жал, за овој локалитет не се достапни подетални податоци за да може поконкретно да се опише неговиот карактер. Ќе напоменам само дека од овој локалитет потекнува само еден капак од осуар, кој денес се чува во Музеј галерија – Кавадарци.

---

[15] *АК.*, 1996, 153; Винчиќ Ж. 1996, 85.
[16] Ibid, 157.

**Ваташа**

Во атарот на селото има регистрирано неколку локалитети кои претставуваат населби кои постоеле во различни временски периоди. Меѓу нив се регистрирани и некрополи кои датираат од римскиот период. Од атарот на ова село потекнуваат еден капак од осуар, како и едно ковчеже од осуар.

**Неготино**

Во Неготинскиот Регион се регистрирани вкупно 29 примероци од вкупно 7 локалитети, од кои 29 се капаци од осуари, ковчези од осуари и еден комплетен примерок од капак и долен дел кој не е во форма на ковчег, туку е правоаголна камена плоча која во средината е перфорирана. Локалитетите на кои се откриени овие примероци се:

**Неготино**

Утврдена населба од хеленистичко, римско и доцноантичко време. Се наоѓа на 2 километри од градот, на тераса што се издига покрај левиот брег на Вардар. На зарамнетото плато има остатоци од одбранбен бедем кој опкружува простор од околу 2 хектари. На површината се присутни фрагменти од керамички садови и друг археолошки материјал со различна временска и културна припадност. Површинските наоди се чуваат во Народниот музеј во Велес, во Музеј на Град Неготино и во НУ Археолошки музеј на Македонија (Куршумли ан).[17]

Во атарот на **с. Бесвица**, на повеќе локалитети се откриени 7 осуари, од кои дел се чуваат во Музеј на Град Неготино, додека останатиот дел се чуваат во НУ Археолошки музеј на Македонија (Куршумли ан).

Во атарот на **с. Тремник**, на повеќе локалитети се откриени 5 осуари, од кои дел се чуваат во Музеј на Град Неготино, додека останатиот дел се чуваат во НУ Археолошки музеј на Македонија (Куршумли ан).

Во атарот на **с. Бистренци** е откриен еден капак од осуар, кој се чува во Музеј на Град Неготино.

[17] *АК.*, 1996, 234.

Во атарот на **с. Долни Дисан,** на повеќе локалитети се откриени 8 осуари и сите се чуваат во Музеј на Град Неготино, но 3 капаци од нив, се неинвентарирани и сè уште стојат на самото место каде што се најдени, односно на локалитетот Барите – Кочеви Грамади, на патот кон село Тремник.

**Вешки Дол, с. Сврачка**

Од овој локалитет потекнуваат 2 капаци од осуари, кои денес се чуваат во Музеј на Град Неготино.

**Стоби, Градско**



Слика 5: Панорама на Стоби

Најголема и, секако, најзначајна урбана агломерација во Тиквеш, лоцирана на устието на Црна Река (Erigon) во Вардар (Axius), која како метропола на Пајонија во предримско време единствена имала статус на муниципиум уште во раноцарскиот период. Подоцна станала главен град на римската провинција Macedonia Salutaris и најпосле епископско седиште и митрополија во текот на доцноантичкиот и ранохристијанскиот период.[18]

Според археолошките податоци, градот е подигнат во хеленистичкиот период, не многу пред владеењето на Филип V. Со истражувањата се констатирани слоеви од III и II век пр. н. е., а пронајдени се и бронзени артефакти од класичниот и архајскиот период, како и поединечни наоди од неолитското и железното време.

Во 168 година пр. н. е., со победата на Римјаните на македонскиот крал Персеј, Македонија била поделена на четири области, со задржана извесна самостојност. Тогаш Стоби станува центар на трговијата со сол во целата трета област.

Во 148 година пр. н. е., Македонија сосема ја губи својата самостојност и станува римска провинција. Во времето на владеењето на Август (од 31 година пр. н. е. до 14 година од н. е.) градот се проширува поради зголемувањето на бројот на населението. Ширењето на градот се поврзува и со унапредувањето на статусот на градот во муниципиум (Municipium Stobensium), во 69 година од н. е. Раниот и средниот римски период се период на процут на Стоби. Во овој период се изградени повеќе импозантни градби, кои сведочат за благосостојбата на градот.

И во старохристијанскиот период Стоби бил значаен и влијателен град, односно бил епископско седиште. Во текот на IV и V век се подигнати повеќе цркви, што биле импозантни како по својата големина така и по својата внатрешна декорација. Христијанството во Стоби е многу рано организирано и зацврстено.

Веќе кон крајот на IV век, Стоби е издигнат во ранг на митрополија која имала три епархии: Стобиска, Баргалска и Запарска епархија.

---

[18] Винчиќ Ж., 1996, 116.

Во доцниот V век започнуваат големите пустошења и несреќи за овој град на Црна. Во 479 година, Стоби е ограбен од остроготскиот крал Теодорих. Жителите на градот делумно го обновиле кога во 518 година настрадал во голем земјотрес.

Во VI век, големите аваро-словенски инвазии придонеле за ново пустошење и напуштање на градот.

Подоцна се споменува за извесна активност во горните слоеви на театарот и за победата на Василиј II на војничката посада во Стоби, во 1014 година.

Трагите од средновековни погребувања укажуваат на фактот дека Стоби по ограбувањата и разурнувањата од варварските народи бил населен од словенски племиња.[19]

Стоби спаѓа во редот на најистражените антички градови во нашата земја. Но, кога ќе се земат предвид добиените податоци од досегашниот опсег на археолошки истражувања на некрополите во Стоби, бројот на погребувања во камени саркофази и осуари е многу мал. Имено, тоа укажува на фактот дека оваа форма на погребување не била често употребувана, освен во неколку исклучителни ситуации. Засега, од добиените податоци од страна на колегите и од користената литература наидов на бројка од само 6 примероци, односно еден саркофаг од малоазиски тип, два мермерни фрагменти од саркофаг од атички тип, два комплетни осуари, еден капак од осуар и еден долен дел, односно ковчег од осуар.

[19] *АК.*, 1996, 64–67.

**Скупи**



Слика 6: Панорама на централното градско подрачје на Скупи

Colonia Flavia Scupinorum е лоциран во средиштето на Скопската Котлина на 5 километри северозападно од Скопје, во непосредна близина на с. Злокуќани, лево од утоката на реката Лепенец во реката Вардар, во подножјето на југозападната падина на Зајчев Рид.

Археолошките наоди укажуваат на континуирано живеење на просторот од идниот град Скупи и непосредната околина во бронзеното и железното време – од XII до VI век пр. н. е.[20]

Периодот на раната антика претставува археолошка празнина (хијатус) од цели 5 века (V – I век пр. н. е.), без материјални докази за случувањата на овој простор. Според историските извори, од крајот на III век пр. н. е. регионот на Скопската Котлина е дел од просторот населен со дарданско население. Сепак, дека во непосредна близина на идниот град Скупи,

[20] Јованова Л., 2008, 5.

пред доаѓањето на Римјаните постоело локално село – викус на староседелците, индиректно е потврдено со епиграфски споменик, кој е пронајден во непосредна близина на локалитетот Скупи, во кој се споменува vicus Cavadinus. Не треба да се исклучи дека тоа е автохтоното село во чија непосредна близина се формирал градот Скупи.[21]

Историјата на Скопје во римскиот период се идентификува со таа на градот Скупи, кој е најголемиот римски град во Македонија, а воедно и единствениот со статус на римска колонија. Според местоположбата, Скупи е најјужниот град на провинцијата Горна Мезија, односно најголем центар и единствена колонија во областа Дарданија (јужната половина на провинцијата).

Прапочетоците на римскиот град се поврзуваат со поместувањето на римските легии на север од римската провинција Македонија кон крајот на I век пр. н. е. Претпоставката дека во Скупи бил лоциран легиски логор на една од легиите, Петтата македонска (V Macedonica) или Четвртата скитска (IV Skythica), во прилог на која како главни аргументи се земаат конфигурацијата, формата, димензиите и одредени фортификациски елементи на обѕидието, иако историски можна, до сега нема реални археолошки или епиграфски докази. Прашањето за статусот на основната агломерација (доколку постоела) како легиски логор или цивилна населба во првата половина на I век останува отворено[22].

Нема сомневање дека за просперитетниот и забрзан развој на базичната агломерација од пресудно значење е подигањето во ранг на самоуправна дедуктивна колонија во времето на династијата на Флавиевците (69 – 96 година). Римскиот град Скупи го носи епитетот Флавија (Colonia Flavia), според името на родот на основачката династија, а неговите граѓани, како носители на римското граѓанско право, биле впишани во трибата (племето) Квирина (Quirina), истата на која припаѓаат и Веспазијан и неговите синови. Името на колонијата Скупи (Scupi) најчесто на натписите се среќава како Colonia Flavia Felix Dardanorum, односно Colonia Flavia Scupinorum, во скратена или развиена варијанта. Поделени се мислењата за времето на основањето на колонијата, односно дали тоа се случило во времето на Веспазијан или подоцна, во времето на Домитијан, што се поврзува со организираното населување на ветерани (дедукција) од легиите: Седма клавдиева (VII

[21] Јованова Л., 2008, 6.
[22] Јованова Л., 2015, 10.

Claudia), Петта македонска (V Macedonica), Петта алауда (V Alaudae) и Четврта македонска (IV Macedonica). Сè поприсутно е тврдењето дека основањето на колонијата треба да се поврзе со времето на Веспазијан, но притоа се претпоставува можна втора дедукција – во времето на Домитијан. На тој начин се створени услови првобитната населба, доколку постоела на истата локација, да прерасне во комплексен урбан римски град со сите управни и други цивилни и верски објекти кои одговарале на новите услови и прилики. Во раниот и средниот империјален период, градот интензивно се развива, напредува и опстојува како важен административен, верски и транзитен центар на провинцијата Горна Мезија.

Градот Скупи бил однапред планиран според римските урбанистички начела. За разлика од останатите римски градови во Македонија, единствено Скупи припаѓа на категоријата градови од т.н. тип urbs quadrata, со типична римска урбанистичка структура и концепција, бидејќи се работи за новооснован град, кој не лежи над постара урбана населба. Поради конфигурацијата на теренот, обѕидието има полигонална форма на неправилен четириаголник (738 x 590 метри) со површина од 44 хектари. Во склад со урбанистичката структура, улиците биле поставени според ортогонален систем, паралелни со ѕидовите на обѕидието (сз/ји – јз/си). Тоа подразбира две главни улици: кардо максимус (cardo maximus) и декуманус максимус (decumanus maximus), кои се сечат под прав агол и мрежа од помали улици паралелни со нив (cardines i decumani), меѓу чии пресеци се наоѓаат градските квартови (insulae). Поради малата истраженост, мошне е тешко да се определи урбаниот лик на градот во предфлавиевскиот период, пред и за време на основањето на колонијата до крајот на III век. Интерната структура на таа рана агломерација, центарот на јавниот живот и локацијата на главните архитектонски комплекси се скоро сосема непознати. Можеме само да констатираме магла низ која се наѕираат мали делови од обѕидието и уличната мрежа, контурите на театарот, постарите фази од големиот термален комплекс, градската вила, хореумот, домусот во секторот на југоисточниот бедем и делови од неколку функционално недефинирани градби.[23]

Како војничка колонија со самоуправен статус и италско граѓанско право, Скупи имал западен модел на административно и општествено уредување. Соодветно на тоа, населението главно припаѓало на неколку категории: римски граѓани (cives Romani) со

[23] Вулић Н., 1961, 3–23; Микулчиќ И., 1982, 27, 31–43; Микулчиќ И., 1999, 137–140; Јованова Л., 2015, 10–13.

полно римско граѓанско право, перегрини – слободно домашно и доселено население без римско граѓанско право, ослободеници (ослободени некогашни робови) и робови. Воспоставувањето на римската власт предизвикало големи промени во сите сфери на животот кај автохтоното население. Процесот на романизација е најочигледен преку прифаќањето на латинскиот јазик, римските имиња, верувањето во римските божества и култови, практикувањето на римските обичаи и римскиот начин на живот. Романизацијата немала ист интензитет во самиот град и на периферијата од пошироката градска територија, што од друга страна значи дека немало големи промени во етничкиот состав на населението.

Во почетниот период, Римјаните својата власт ја зацврстуваат главно со доселување на римско или романизирано население со римско граѓанско право. Притоа, доминирало организираното населување на ветерани (дедукција), кои по завршувањето на воениот рок од околу 25 години, освен парични средства, како награда добивале имот во новоосвоената област, во случајот плодното земјиште во регионот на Скопската Котлина, што се поклопува со границите на пошироката градска територија. Освен воените ветерани, и римските трговци и занаетчии имале посебен придонес за брзиот економски напредок на градот. Подоцна, процесот на романизација бил забрзан со доделување граѓанско право на припадниците на локалната аристократија, кои сакајќи да ги задржат привилегиите, моќта и влијанието во средината, за возврат први ги прифатиле промените и начинот на живот на новите владетели.

Епиграфските сведоштва упатуваат на хетероген состав на населението во однос на етничката припадност. Воените ветерани по потекло главно биле од пределите на денешна Италија, Далмација, Истра, Франција, Шпанија, Сирија, додека меѓу останатото доселено романизирано население, најбројни биле ориенталците од Мала Азија и доселениците од Македонија, Егеја и Тракија. Секако дека во популационата структура доминантно било романизираното автохтоно население, кое во основа има елементи од постариот пајонски супстрат, но и подоцнежни наслојувања со дарданска и тракиска компонента. Сепак, епиграфските споменици не даваат сосема реална слика за составот на населението, бидејќи главно ги поставува романизирано население, кое ја прифаќа официјалната римска номенклатура. Вистинската слика за етничката структура на населението не е онаа што ја имаме според натписите, туку треба да се бара меѓу многубројното слободно домашно

население кое живеело во внатрешноста на регионот, надвор од добро романизираната урбана средина, чија основна дејност била земјоделството и сточарството и кое зад себе не оставило скоро никаква писмена трага. Идентификација на ова население е можна преку проучување на најконзервативните моменти, како што се: погребните ритуали, верувањата и некои манифестации на традиционалната материјална култура. Освен етничката, исто толку сложено е одгатнувањето и на социјалната структура на населението во Скупи. Зачуваните имиња сами по себе не дозволуваат донесување заклучоци за социјалниот статус на носителите, структурата и бројноста на одредени категории население. Врвот на социјалната пирамида им припаѓал на припадниците на сенаторската аристократија и носителите на градските магистратури, високите цивилни (декуриони, дуумвири, дуумвири квинквенали, едили, квестори) и свештенички функции (аугури, понтифекси), кои најчесто се одбирале од редот на имателите на римско граѓанско право, пред сè, воените ветерани и членовите на локалната аристократија. Наспроти слободно родените римски граѓани (ingenui) со италско или римско граѓанско право, на социјално пониската категорија ѝ припаѓале ослободениците со ограничени граѓански права, пред сè, без право на добивање магистратури (ius honorum) и влез во градскиот совет на декуриони. На пониското социјално скалило се наоѓале припадниците на бројното домашно и доселено слободно население без граѓански права (peregrini). Најниската социјална категорија ја сочинувале робовите со различни права и должности. Одгатнувањето на етничката и социјалната структура е можно единствено со компаративно проучување на епиграфските (ономастички) податоци, гробовите, погребните ритуали, гробните наоди и антрополошките остатоци. Тоа особено се однесува на погребувањето, како една од најконстантните, најконзервативните, најинертните архетипски категории од човековото битисување каде што и покрај еволутивните промени и надворешните влијанија, најдолго се зачувуваат традицијата и верувањата на населението. Преку погребувањето може да се препознае етнокултурниот идентитет на одредено население и да се следи во текот на подолг временски период. Од тие причини, при реконструкцијата на сакралната структура на секоја популација, од особено значење е проучувањето на некрополите, а, пред сè, начинот и формите на погребување.[24]

[24] Јованова Л., 2015, 13–15.




Слика 7: Топографски план на Скупи

Поради карактерот на овој труд, малку подетално би се осврнала на некрополите на градот Скупи, односно на делот на погребувањата во камени саркофази. Имено, освен во Тиквешкиот Регион, најголема коцентрација на погребувања во камени саркофази има токму во градот Скупи. Но, за разлика од оние во Тиквешкиот Регион каде што најчестиот начин на погребување бил кремација, во Скупи претежно се працтикувала инхумација.

Има индиции за постоење на некрополи на сите четири страни од градот, но поинтензивно се истражувани само делови од југоисточната и северозападната градска некропола. Градските некрополи на Скупи биле лоцирани покрај главните пристапни патишта, кои

влегувале и излегувале од градот, во согласност со важечките урбанистички правила.[25] Проучувањата на урбаната топографија на Скупи упатуваат дека поставеноста и организацијата на некрополите соодветствува со урбанистичката структура и уличната мрежа на градот. Топографските согледувања, археолошките истражувања и случајните наоди го потврдуваат ова правило.[26]

## Југоисточна некропола (источна некропола)

Најистражена е југоисточната некропола на градот каде што во повеќе наврати се вршени археолошки истражувања, при што досега се откриени околу 5 200 гробови. Првите систематски истражувања ги иницирал и ги започнал И. Микулчиќ во 1970 – 1971 година. Основна цел била да се истражи југоисточната периферија на градот, постоењето на југоисточниот градски ѕид, локацијата, обемот, временската и просторната дисперзија на некрополата. Подоцна, на просторот на југоисточната некропола е интервенирано со заштитни истражувања од помал обем, во периодот од 1973 до 1994 година. Во 1996 и 1998 година се преземени пообемни заштитни археолошки истражувања. Во периодот од 2008 до 2012 година, со мали прекини, се реализирани најобемните заштитни истражувања на просторот на југоисточната некропола. Притоа, на површина од околу 3 хектари се откриени околу 4 700 гробови, со што вкупниот број на истражени гробови се искачи на 5 200. Делови од оваа некропола се истражуваат и денес, со што вкупниот број на истражени гробови постојано се зголемува.

### *Структура и организација на југоисточната некропола*

Во прашање е планирана градска некропола, организирана во однос на југоисточниот градски одбранбен ѕид и главниот пат кој од Скупи водел кон исток, поточно од Скупи кон Стоби. Со поновите истражувања (2010 – 2012 година) приближно се утврдени југоисточната и јужната граница на некрополата. Југоисточната граница се наоѓа

---

[25] Toynbee J.M.C., 1971,73–74.

[26] Во претходниот период некрополите биле именувани во однос на обѕидието на градот, како: источна, западна, северна и јужна некропола. Л. Јованова смета дека поисправно е некрополите да се именуваат во однос на страните на светот, како: североисточна, југоисточна, југозападна и северозападна некропола. Од тие причини, во последните неколку години некрополите се именуваат според овој критериум, а така ќе бидат третирани и во овој труд.

на оддалеченост од околу 1 километар од југоисточниот бедем, додека јужната граница се наоѓа на околу 150 метри јужно од обѕидието на градот, што би требало да се поклопува со брегот на тогашното течение на реката Вардар. Северната граница не може со сигурност да се определи бидејќи некрополата се шири по падината на Зајчев Рид, сè до северниот срт каде што, веројатно, се преклопува со североисточната градска некропола. Има показатели кои упатуваат дека овие две некрополи (југоисточната и североисточната), всушност, треба да се разгледуваат како една целина, односно единствена некропола. Според сегашните сознанија, на оваа страна од градот се наоѓала најголемата и, веројатно, најатрактивната градска некропола, која со прекини била во употреба од доцнобронзеното време до раносредновековниот период (од XII век пред н. е., сè до XII век од н. е.).

На просторот на југоисточната некропола се откриени гробови од четири хронолошки различни хоризонти на погребување. Најстари се гробовите од преодниот период, доцнобронзено – раножелезно време (XII – X век пр. н. е.), кои се компаративни со гробовите од истиот период најдени на северозападната некропола. Подоцна, погребувањето продолжило во железното време, во периодот од VIII до VI век пред н. е. Најдените дваесетина гробови припаѓаат на поголема некропола, која во периодот на железното време постоела на просторот на југоисточната некропола на Скупи и била скоро целосно уништена при подоцнежните погребувања во текот на римскиот империјален и доцноантичкиот период од I до IV век. Начинот со скелетно погребување покојници, типологијата на застапените гробни форми и движните наоди се аналогни на гробовите и наодите карактеристични за некрополите од тој период од регионот на Скопје и Македонија.

По хијатус од цели шест века, на истиот простор погребувањето продолжило во римскиот период. Истражените околу 5 200 гробови имаат континуитет на погребување од средината на I до средината на IV век. Во римскиот империјален период (средината на I до средината на III век) е застапено биритуално погребување со кремација и инхумација. Доминираат гробови со кремација, иако веќе од крајот на I век се среќаваат и гробови со скелетно погребување. Подоцна, како резултат на одредени општествено-економски, социолошки и идеолошки промени, инхумацијата постепено добива примат, така што станува наполно

доминантна од крајот на III и во првата половина на IV век. Четвртиот, најмлад хоризонт се издвојува со околу 30 гробови датирани во средновековниот период.

Гробовите од римскиот период се поставени во редови во скоро идентична насока, одредена според патот кој од исток, односно од Стоби водел кон Скупи и се врзувал со главниот градски декуман (decumanus maximus). Истиот пат потоа продолжувал кон запад и поминувал низ северозападната некропола. Сегашните сознанија упатуваат дека првично бил трасиран патот, а истовремено или незначително подоцна се започнало со погребување северно и јужно од него, и тоа од југоисточната периферија кон бедемите на градот, судејќи според стратиграфијата и хронологијата на гробовите. Некрополата се одликува со одреден урбанизам, односно организирана планиметрија, која соодветствува на урбанистичката градска мрежа. Во почетниот период, индивидуалните гробови и гробните парцели биле поставени на извесно растојание од патот, организирани во паралелни редови со правилен, симетричен распоред, без меѓусебни нарушувања. Подоцна, со текот на времето, поради недостиг на простор, а веројатно и поради ексклузивноста на просторот во близина на патот, се зголемува густината и слоевитоста на погребувањата. Ретки се нарушувањата на гробниот простор, особено кај гробовите од истиот временски период, а доколку ги има, максимално се почитуваат скелетните останки од постарите погребувања, кои најчесто повторно се погребуваат во новите гробови. Засега, во рамките на некрополата не се утврдени издвоени простори за селективно погребување на одредени групи население, според професионалната, социјалната, етничката, религиската, идеолошката или друг вид припадност.[27]

**Северозападна некропола (западна некропола)**

Лоцирана е северозападно од градот, но опфатот и границите на некрополата не се утврдени. Единствено може да се претпостави југоисточната граница на некрополата, која веројатно се наоѓала во непосредна близина на северозападниот одбранбен ѕид на градот. Поради недоволна истраженост, не се утврдени другите граници на некрополата. Во последните дваесетина години, археолошки се истражува мал простор од некрополата (40 x 18 метри), кој се наоѓа на околу 100/120 метри од северозападниот градски одбранбен ѕид.

[27] Јованова Л., 2015, 16–21.

*Структура и организација на северозападната некропола*

Северозападната некропола е повеќеслојно наоѓалиште со неколку содржински и хронолошки разновидни културни хоризонти, почнувајќи од доцнобронзеното време до доцноантичкиот период (XII век пр. н. е. до VI век).

Некрополата од преодниот период, доцнобронзено – раножелезно време (XII – X век пред н. е.), е значително оштетена при подоцнежните погребувања во римскиот период. Се работи за некропола од рамен тип со биритуално погребување.

Од римската некропола досега се истражени околу 300 гробови. Организационата поставеност, стратиграфијата на вкопување, типологијата, гробните ритуали и хронолошката припадност на гробовите упатуваат на континуирано погребување со мали прекини од средината на II до средината или евентуално крајот на IV век. Вертикалната и хоризонталната стратиграфија на вкопување оставаат можност за постоење на два различни хоризонти на погребување, кои ќе бидат издиференцирани по дефинитивната анализа на сите наоди и сознанија. Гробовите од примарното, хронолошки постарото ниво на погребување датираат од средината на II до крајот на III или почетокот на IV век. Подоцна, по краток прекин и по затрупувањето на ова ниво со отпаден материјал од претпоставениот занаетчиски центар, истата локацијата во текот на IV век повторно се користи за погребување. Горната хронолошка граница на погребување не е утврдена, бидејќи во гробовите од тоа рамниште не се најдени гробни прилози, особено монети, кои би биле сигурен репер за датирање. Истражениот дел од постариот хоризонт на некрополата е само мал сегмент од фунерарното/погребното јадро на планирана градска некропола, организирана покрај северозападниот одбранбен градски ѕид. Според автентичната зачуваност на сепулкралниот амбиент, претставува единствен случај не само на територијата на Скупи туку и во Р Македонија. Имено, откриени се седум интактно зачувани камени надгробни споменици (пет стели и два монумента), од кои скоро сите може да се поврзат со одредени гробови, што дозволува непознатите поединци погребани во гробовите да се идентификуваат со конкретни личности. Спомениците се поставени во четири реда, дијагонално еден од друг, ориентирани со фронталната страна кон главниот пат кој од запад водел кон Скупи и се надоврзувал на главниот градски декуман (decumanus

maximus). Истиот пат потоа продолжувал кон исток, поминувал низ југоисточната некропола и продолжувал кон Стоби.

Хоризонтот што се поврзува со надгробните споменици се карактеризира со биритуално погребување. Истражени се 24 гроба со кремација, 20 со инхумација и 29 гроба на новороденчиња и сосема мали деца. Гробовите се поставени во паралелни редови, без заемни оштетувања на гробниот простор. Имаат приближно иста ориентација северозапад – југоисток, соодветна на поставеноста на надгробните споменици и насоката на протегање на споменатиот пат, што во основа е компатибилно со урбанистичката мрежа на градот. Погребувањето во овој хоризонт континуирано продолжило до крајот на III, односно почетокот на IV век, при што некрополата се ширела од југ кон север, односно од исток кон запад, што дозволува да се следи трансформацијата, начинот и ритуалот на погребување. Во текот на II век и првата половина на III век доминира погребувањето со кремација, а иако поретко, паралелно со кремацијата се практикува и погребувањето со инхумација. Во текот на III век, инхумацијата почнува постепено да преовладува за да кулминира кон крајот на III, односно почетокот на IV век кога станува единствен начин на погребување. Без оглед на промените на начинот и ритуалот на погребување, планиметријата и организацијата на некрополата остануваат исти. Гробовите се поставени во редови со идентична ориентација како постарите гробови. Освен доминацијата и бројноста, типологијата на гробовите со скелетно погребување станува поразновидна. Постепено се менува погребниот ритуал, што е изразено преку осиромашувањето или отсуството на гробни дарови. Овие манифестации во основа се резултат на промените во економската и во социјалната структура на населението, но не треба да се исклучат и промените поврзани со верувањата во задгробниот живот. Во текот на овој период доаѓа до краткотраен прекин на погребувањата во примарниот хоризонт и затрупување на просторот со разновиден отпаден материјал од работилниците од претпоставениот занаетчиски центар, кој се наоѓал западно или евентуално во самиот град. Веројатно, оваа појава треба да се поврзе со историските случувања карактеристични за тој период, односно со некои од варварските пробиви или династички превирања кон крајот на III или во почетокот на IV век. Подоцна, во текот на IV век, истиот простор повторно се користи за погребување, при што гробовите се вкопуваат во слоевите од отпадната депонија. Се применува скелетно погребување, најчесто во обични гробни јами или јами означени со примитивна конструкција.

Некрополата нема планска организација, така што гробовите имаат различна поставеност и различно ниво на вкопување, со чести заемни преклопувања и оштетувања. Горната хронолошка граница на погребување не е утврдена поради отсуството на карактеристична гробна архитектура и прилози во гробовите.[28]

**Југозападна некропола (јужна некропола)**

Според конфигурацијата на теренот и поединечните инцидентни наоди, југозападната некропола се лоцира на тесниот простор југозападно од градот, сѐ до левиот брег на Вардар. Границите на некрополата кон запад и југ тешко може да се определат поради големиот речен нанос, локацијата на с. Злокуќани и други современи објекти. На потегот низводно од утоката на Лепенец во Вардар, сѐ до местото каде што во минатото биле видливи остатоците на античкиот мост, во последните неколку децении се откриени повеќе надгробни споменици и саркофази. Десно од утоката на Лепенец во Вардар, како и во алувијалната рамница на десниот брег на реката Вардар, во неколку наврати при градежни работи се откриени помали групации на гробови и надгробни споменици. Поделени се мислењата околу нивната припадност. И. Микулчиќ смета дека се работи за мали приватни некрополи на имотите на раните колонисти во Скупи. Наодите од населбата Карпош, покрај ул. Партизанска, Д. Кораќевиќ ги определува како дел од јужната раноцарска некропола на Скупи.

Во последната деценија на овој простор се откриени уште неколку надгробни споменици, кои, за жал, не ја разрешија погоре поставената дилема околу определбата на некрополата.[29]

**Североисточна некропола (северна некропола)**

Се лоцира на североисточната падина на Зајчев Рид. Скоро воопшто не е истражувана и тешко е да се определат границите на протегање и периодот на користење. Инцидентните наоди упатуваат дека југоисточната некропола полека од јужната падина се

[28] Јованова Л., 2015, 21–25.
[29] Ibid, 25.

проширила кон североисточниот срт на Зајчев Рид, така што во доцноантичкиот период веројатно дошло до спојување на двете некрополи, североисточната и југоисточната.[30]

## ПОГРЕБУВАЊА НАДВОР ОД ГРАДСКИТЕ НЕКРОПОЛИ

Скупи, како и секој развиен римски град, надвор од урбаното јадро, во обѕидието и блиското подградие (suburbium), зафаќал поголема административна територија (ager, regio, territorium), која приближно се поклопувала со границите на Скопската Котлина каде што постоеле полските имоти и старите автохтони селски населби. Полските имоти биле посебна категорија на населени места со различен карактер, во зависност од локацијата, големината и статусот (villa suburbana, villa rustica, possesio, dominacium, praefectum fundi). Земјоделската продукција од полските имоти претставувала економска основа за опстанок и за просперитет на провинциски град од доменот на Скупи во текот на империјалниот период. Вообичаено, сопствениците на полските имоти, членовите на нивните семејства и останатиот помошен кадар се погребувале во рамки на имотите или во непосредна близина. Во текот на IV век значително се зголемил бројот на полски имоти, при што најчесто биле обновувани старите вили, кои се проширувале и се развивале во поголеми газдинства (домаќинства/имоти). Овој феномен индиректно може да се препознае и на пошироката административна територија на Скупи преку локацијата и бројноста на доцноантичките гробови со реупотребени надгробни споменици, кои може да се поврзат со претходните сопственици, односно жители на полските имоти. Логично е да се претпостави дека семејствата на покојните, кои биле погребани во новите гробни конструкции, ги реупотребиле надгробните споменици на своите предци или на претходните сопственици чиишто имоти ги наследиле. На тој начин, освен сопственост над имотот, преку симболична негација и поништување на постарите гробови, чиј сакрален простор и елементи ги преземале, се здобивале со право на сопственост над старите гробни места. Од друга страна,

[30] Јованова Л., 2015, 26.

преку реупотреба на старите сепулкрални споменици овозможиле континуитет и афирмација на претходните сопственици.[31]

- **Локалитети во Западниот дел на Р. Македонија**

**Локалитет Плачи Круша, с. Добовјани, Струга**

Локалитетот Плачи Круша претставува населба и некропола од хеленистичкото и римското време. На десниот брег се наоѓа населбата, а на нискиот брег, северно, на 800 метри од селото се откриени римски гробови, меѓу кои и капак од мал осуар. Ископувањата се изведени во 1994 година од проф. д-р Вера Битракова-Грозданова.[32]

**Локалитет Хераклеја, Битола**



Слика 8: Панорама на Хераклеја Линкестис

[31]Јованова Л., 2015, 26.
[32] *АК.*, 1996, 392.

Локалитетот Хераклеја Линкестис (Heraclea Lynkestis) претставува градска населба, која постоела од хеленистичкото време до средниот век. Основана е кон средината на IV век пр. н. е. од страна на Филип II Македонски, како важен стратегиски пункт, според Фанула Папазоглу. Остатоците од материјалната култура од хеленистичката фаза на животот, археолошки не се доволно истражени. Кон средината на II век пр. н. е. кога Римјаните ја освоиле Македонија и ја уништиле нејзината политичка моќ, а потоа ја претвориле во провинција и ја поделиле на четири области, Хераклеја, која влегла во четвртата област, доживеала извесен просперитет. Тоа се должи, пред сè, на изградбата на патот Виа Игнација (Via Egnatia), на кој Хераклеја била важна станица.

Од објекти од римскиот период во Хераклеја се откриени: портик со почесни и вотивни споменици, терми, театар, а идентификувани се и други објекти во рамки на градските бедеми и надвор од нив.

Во ранохристијанскиот период Хераклеја била епископско седиште.

Животот во Хераклеја, како и во многу други градови, замира кон крајот на VI век. На преминот од VI во VII век, според историските извори, во овие краишта се доселиле словенски племиња.

Во прилог кон материјалот кој е предмет на обработка во оваа теза, од Хераклеја потекнуваат два капаци за осуари, две ковчежиња од осуари, од кои едното е доста оштетено и еден саркофаг со капак.[33]

- **Локалитети во Југозападниот дел на Р. Македонија**

**С. Топлица, Прилеп**

Во атарот на селото Топлица се регистрирани повеќе локалитети кои биле римски населби, но и повеќе осамени наоди од римскиот период. Меѓу нив е и еден ковчег од осуар.[34]

---

[33] *АК.*, 1996, 19–20.
[34] Ibid, 313.

**С. Браилово, Прилеп**

Во атарот на селото Браилово се наоѓа локалитетот Селски гробишта, кој е идентификуван како некропола од доцноантичко време. На местото на сегашните гробишта биле откриени гробови со камени конструкции. Тука се регистрирани бројни доцноантички споменици, стели со релјефи, како и друга мермерна пластика, меѓу кои е регистриран и еден примерок на осуар. Дел од овие споменици биле однесени во Завод и музеј – Прилеп, но во рамките на гробиштата во Браилово и денес може да се видат и да се документираат драгоцени споменици од камена пластика.[35]

**С. Црничани, Општина Новаци**

Локалитетот Рупка претставува населба и некропола од римско време. При теренско рекогносцирање од страна на проф. д-р Виктор Лилчиќ е регистриран доста оштетен долен дел од мермерен саркофаг.[36]

**С. Дупјачани, Општина Долнени**

Локалитетот Гробишта I претставува некропола од римско време. На неколку стотици метри југоисточно од селото, во урнатините на малата гробишна црква се наоѓа ковчег од осуар, украсен со гирланда.[37]

## Типологија на спомениците

Типологијата на овие примероци на споменици оди во насока на три основни типа, односно овие типологии некако се поклопуваат со главните центри на нивното производство. Имено, станува збор за т.н. **атички тип**, за кој главен производен центар бил градот Атина, но тие биле носени и надвор од областа Атика, особено во Мала Азија. Овој тип бил издлабен од сите четири страни, со висок релјеф во континуиран фриз, бидејќи бил поставуван да стои слободно во просторот. Најдобар пример за овој тип на саркофази (а

[35] АК., 1996, 282.
[36] Ibid, 1996, 46.
[37] Лилчиќ В., 2001, 399.

воедно и најпознат примерок во светски рамки) е Александровиот саркофаг пронајден во близина на Сидон, Либан, за време на ископувањата спроведени од Осман Хамди-бег (Османлија со грчко потекло), во 1887 година. Саркофагот е во форма на антички храм, а релјефите прикажуваат сцени од битките на Александар Македонски и македонската војска против Персијците. На предната страна на саркофагот, Александар е прикажан на неговиот коњ Букефал со лавовска кожа на главата, поради што и се нарекува Александров саркофаг, иако не му припаѓа нему.

Според мислењето на Г. Кох (G. Koch), првиот центар е Рим, вториот центар е Атика, а третиот е Доцимиум. Секој од овие центри има свои специфични карактеристики што овозможуваат идентификација на саркофазите со еден од нив. Саркофазите од центарот Рим се украсени само од три страни. Четвртата е оставена неукрасена бидејќи се лепи за ѕидовите на погребната комора. Исто така, најдени се и саркофази со декорација само на две страни. Формите и димензиите на римските саркофази се исклучително променливи. Нивната декорација е со мотиви на кои се претставуваат митолошки сцени, па сè до сцени од секојдневниот живот. Релјефите и сцените на предните (долгите) страни на саркофазите на римскиот центар се извајани во повисок релјеф отколку на странata.

Атичките саркофази имаат украс на сите четири страни. Обично тие имаат стандардна форма и стандардни димензии. Имаат широка палета на теми, при што преовладуваат митолошки сцени, како и историски битки меѓу Грците и варварите, исто така митологизирани. Многу споменици, целосно зачувани или во делови, се пронајдени и во провинциите на Мала Азија и главно во Ефес.

Центарот Доцимиум, наречен и азиски центар, има свои специфики. Една од нив се претставите поставени меѓу колоните, кои ја делат едната сцена од другата.[38]

Вториот тип, кој настанал под директно влијание на атичкиот тип на саркофази, е **малоазискиот тип**, кој главно се карактеризира со тоа што декоративната резба не формира континуиран фриз; најчесто е само на едната долга страна, многу ретко на двете пократки страни, а никогаш на четвртата страна, бидејќи стоеле прилепени до ѕидот на погребната комора. Ова, всушност, е и главната разлика помеѓу овие два типа на саркофази.

[38] G. Koch., 1993,58–61.

Третиот тип се т.н. **осуари**. Тие се јавуваат во IV век пр. н. е. во Керамеикос, Атина. Најпознатиот пример за овој тип потекнува од Филиповата гробница во Вергина, кој е изработен од злато. Но, истовремено осуарите се јавуваат и во Италија, во раниот империјален период, бидејќи кремацијата е доминантна форма на погребување. Мермерните контејнери за кремирани покојници се нарекуваат осуари, а зборот потекнува од латинскиот збор ***ossa***, што значи коска. Во употреба ќе останат до III век кога под налет на христијанството инхумацијата, како форма на погребување, ќе надвладее.

Земајќи ги предвид сите карактеристики на камените споменици кои ќе бидат предмет на обработка во овој научен труд, тие може да се поделат во три основни типа: **атички тип, малоазиски тип** и **осуари**, кои понатаму може да ги сместиме во уште неколку подгрупи или поттипови. Бројната состојба на спомениците (заедно со фрагментарните и, секако, некомплетни без ковчег или капак) покажува дека најбројни се осуарите, и тоа во Тиквешкиот Регион, вкупно 54 примероци, но, секако, дека се среќаваат и на локалитети надвор од овој регион. Потоа малоазискиот тип на саркофази, вкупно 35 примероци и најретки се атичкиот тип на саркофази, односно само 7.

- **Атички тип**

Бројната состојба на овој тип саркофази е ограничена, што, всушност, е резултат на тоа дека ваков тип можеле да си дозволат само оние луѓе кои им припаѓале на повисоките слоеви. Секако дека и оние доселеници кои припаѓале на пониските слоеви, кои си ја носеле традицијата на своите верувања и култови и практикувале ваков тип на погребен обичај, тоа го правеле со поевтина варијанта, односно практикувале саркофази кои имитираат елементи на атички тип, а биле изработувани и од поевтин, односно подостапен материјал. Во контекст на ова, и домородното население кое попримило од обичаите, исто така практикувало поевтина варијанта која имитирала елементи на атички тип на саркофаг и била изработена од поевтин, а со тоа и подостапен материјал.

Исто така, треба да се земе предвид дека голем дел од некрополите не се истражени до крај, а дел од нив кои се во склоп на поголемите градови не се ниту лоцирани, како што е примерот со некрополата на градот Стибера.

- **Малоазиски тип**

- Саркофази со рамен капак, без декорации.

- Саркофази со капак во форма на двосливен покрив, со акротерии на сите четири агли, без декорации.
- Саркофази со епиграфски натписи во натписното поле (tabula ansata, профилирана рамка).
- Саркофази со капак во форма на двосливен покрив, со акротерии на аглите и со декорација во форма на профилирана рамка.
- Саркофази со декоративни елементи на ковчегот.

❖ **Осуари**

- Осуари со декоративен фриз на ковчегот.
- Осуари со натпис во натписното поле (tabula ansata, профилирана рамка).
- Осуари со натпис, без натписно поле.
- Осуари со капак во форма на двосливен покрив, со декорации на фронтонот.
- Осуари со капак во форма на двосливен покрив, без декорации.

**Декоративни елементи изведени на саркофазите застапени во Македонија**

По окупацијата на Балканот од страна на Римјаните настапува период со многу случувања во сите области на уметноста, посебно во надгробната уметност, кога доаѓа до синкретизам на повеќе култови и религии, кој се манифестира и во начинот на погребување на покојниците, подигнување на разни обележја, т.е. споменици, пластично украсени на разни начини.

Тие нови влијанија стигнале на Балканот најчесто со војниците кои се враќале од походот на Исток и со себе донеле многу мајстори занаетчии кои дошле во допир со веќе претходно утврдените правила на фунерарната/погребната уметност на локалното население.

Фунерарната/погребната уметност која се среќава на спомениците кои се третираат во овој труд, всушност, е ограничена на пластични, односно релјефни украси издлабени на монолитот од кој е изработен саркофагот/осуарот. Она што е илустрирано е одраз на животот на покојникот. Исто така, илустрираните пластични претстави, освен декоративно

имаат и симболичко и религиозно-култно значење. Мотивите кои се застапени на спомениците се: флорални елементи, животински претстави, апотропејски декоративни елементи, космички елементи, претстава на вази, претстава на коњаник, човечки фигури и епиграфски натписи.

Преку објаснувањето на мотивите ќе се добие појасна слика за животот и за обичаите на луѓето кои се прикажани на надгробните споменици на третираната територија, за културните и религиозните влијанија врз спомениците на овој простор, овозможени од интерактивните релации со соседните провинции каде што културата ги носела своите обележја, но прифаќала и дел од локалните норми и правила, содржани во традицијата и култовите на домородното население.

**Преглед на застапени мотиви**

Иконографските елементи, односно мотиви може да бидат доста разновидни, при што во различни региони преовладуваат различни мотиви. Во овој дел ќе направам краток преглед на сите елементи кои се јавуваат како декорации на саркофазите и осуарите.

Декоративните елементи најчесто се среќаваат во тимпанонското поле на капакот, а во некои примери декорации се јавуваат и на акротериите, но и на горната страна на капакот во форма на покривни тегули и имбрекси кога имитираат покрив или рибини крлушки. Но, во случајот со капакот од Белимбегово, натписот, кој е во tabula ansata, е изведен на горната страна од капакот.

Ковчегот, пак, најчесто се декорира на предната челна страна доколку станува збор за осуар или малоазиски тип на саркофаг, додека атичкиот тип на саркофаг, во зависност од кој регион потекнува, е издлабен од сите четири страни, со висок релјеф во континуиран фриз.

**Флорни мотиви**

- Гирланда

Гирландата се јавува на осуари и саркофази од атички тип, во континуиран фриз, само на ковчегот.

Праобрасците на гирландата може да се установат уште во IV век пр. н. е. Тие израснуваат од форми создадени во реалниот живот: обичајот да се китат гробовите со цветни ленти, кои подоцна се увиваат со цвеќе и листови. Од III век пр. н. е. реалната гирланда се пренесува веќе како уметничко-декоративна форма во александрискиот живопис, а подоцна истиот мотив се јавува кај хеленските олтари и хеленската архитектура. Од II век веќе е оформена како композиција меѓу листеста гирланда од листови, закачена на букраниони и розета над нив, како на осуарот од Скупи. Таа најчесто е обвиена со панделка, која може да биде долга, а нејзините краеви, префрлени преку главите на букранионите, најчесто висат надолу, таласесто. Од тука, веќе во разни периоди, засегнувајќи го не само растителниот состав на гирландата и формата на розетата туку и видот на потпората на која гирландата е закачена (букраниони, Виктории, ероси, маски), таа е вклучена во сепулкралното искуство на целиот антички свет. Богата разновидност и натуралистички однос кон овој мотив наоѓаме и кај римските олтари.

Формата на гирландата е карактеристична за римската декорација, не само на надгробните споменици и вотивни олтари туку и за декоративно уредување на простории со платно, без оглед дали се работи за ѕиден простор или за декоративно украсување на надвратници и врати. Веројатно е дека, како што често се случува во процесот на формирање на уметничките претстави, одредена декоративна форма карактеристична за латинскиот ентериер дошла во спој со идејата за задгробни градини на изобилство и среќа, карактеристична за малоазиските и египетските погребни култови во кои на покојникот му се обезбедува место за одмор, освежување и уживање и дава симболички декоративен орнамент во облик на цветна гирланда. Дека идејата за вакви гробни градини била прифатена во римскиот свет покажува изградбата на фамилијарни гробници градини во доцнорепубликанскиот и раноцарскиот период на територијата на Италија, со цел покојникот и на „оној“ свет да има полно овошје и вино.

Претставата на венец со лозници и гроздови е регистрирана само на еден ковчег од саркофаг, кој го забележала академик Блага Алексова, во Чаир. Достапен е само краток и непотполен опис што таа го дава, поради што е невозможно да се утврди подеталната

декорација. Симболиката на венецот со лозници и гроздови во антиката е врзана за духовните поими на животот, раѓањето и умирањето, го отсликува и изобилството и убавината на рајската градина. Овој тип на гирланда е во тесна врска со богот Дионис и неговиот култ, кој е поврзан со спознавањето на тајните на животот по смртта, односно со мистериите за повторното раѓање, што придонело виновата лоза да стане погребен симбол, чија улога продолжува и во христијанството.

Симболиката на гирландата е иста со таа на цвеќињата: таа ги симболизира рајските градини, циклусот на раѓање, живот, смрт и повторно раѓање. Затоа и не е случајно нејзиното присуство на надгробните споменици со јасна порака – дека земниот живот е минлив, а вечен е тој во рајот.[39]

- Розета

Розетата е чест декоративен орнамент во сепулкралната уметност изведен на надгробните споменици. Се јавува во различни комбинации со други орнаменти. Таа подеднакво се среќава и во тимпанонското поле на капакот на осуарите, како и на ковчегот. Регистрирана е на неколку капаци од осуари од Тиквешкиот регион, на ковчегот од мермерниот осуар од локалитетот Скупи, на бочните страни на осуарот од Скопското Кале, на саркофагот од локалитетот Рупка, село Црничани, како и на еден од фрагментите од атичкиот тип на саркофаг кој потекнува од Дојран.

Според начинот на третирање, се разликуваат неколку основни форми: цветна розета, спирална розета и кружна розета.

Розетите најчесто имааат четири ливчиња, но може да бидат прикажани и со пет, шест, седум, осум или повеќе листови. Според видот на растенија, се јавуваат розети со акантусови листови, дабови листови, детелина со четири листови и листови од цвет од лотос. Во случајот на осуарот од Скупи, розетата е со 6 листови, но исто така и на капаците од Тиквешкиот Регион е со 6 листови.

Како декорација на надгробните споменици овој орнамент се јавува од втората половина на I век до крајот на III век. Таа може да се јави самостојно или во комбинација со флорни

[39] Петковски Р., 2013, 77–81.

мотиви и сл., во плиток или висок релјеф. Розетите најчесто се стилизирани, потоа геометризирани и шематски изведени (секоја наликува една на друга, односно се идентични, бидејќи се направени според претходно подготвена шема), а многу ретко се јавува тенденција за реално третирање. Дури понекогаш може да биде мермерна и дополнително втисната кај некои типови на надгробни споменици.

Од техниките кои се користени за изработка на розетите, застапена е техника на дупчење со сврдели, техника која многу потсетува на гравирање.

Симболиката на розетата ќе ја разгледаме како цвет со различни видови листови, кои веќе ги напоменав погоре. Цветот е симбол на природата, на неограниченоста на нејзиното совршенство, амблем на кружното движење – раѓањето, животот, смртта и повторното раѓање. Ја симболизира и животната снага, радоста, крајот на зимата, победата над смртта. Поради ѕвездестата структура на кружните листови, цвеќињата го симболизираат сонцето. Исто така, цвеќето ја симболизира и краткотрајноста на животот и радостите на рајот. Имено, дел од народите во антиката сметале дека целата земска убавина е минлива, а само таа во рајските градини е вечна. Затоа, во градините саделе цвеќе, а понекогаш и своите блиски покојници ги погребувале таму.

Розетата се јавува во облик на цвет со листови кои растат околу кружна семка, потоа во кружен облик (понекогаш во комбинација со зрачест орнамент), во облик на спирала, а среќаваме и геометризирани, кои личат на сонце.

Цвеќето може да има акантусови, дабови, лотосови и листови на детелина. Главната симболика на акантусот се поврзува со триумфот на животот над смртта. Дабот симболизира моќ, издржливост, долговечност. Се поврзува со врховниот македонски бог Ѕевс (Зевс), со Хера, Кибела, а Херакле (син на Ѕевс и родоначалник на македонската кралска династија) имал топуз од дабово дрво (суровица). Се претпоставува дека првите венци кои ги добивале победниците на Олимписките игри биле од дабови листови, дури подоцна од ловорови. Лотосот го симболизира сонцето, космичкиот живот, а носењето венци со лотоси на погребна церемонија претставува симбол на повторно раѓање. Детелината претставува симбол на среќа, но бидејќи се садела на гробовите, нејзината симболика може да се поврзе и со верувањето во живот по смртта. Претставувањето на розетите може да се поврзе и со розата (ружа). Божицата Атена е родена на Родос, островот

на розите. Розовите грмушки истовремено ѝ биле посветени и на Афродита, која трчајќи кон Адонис кој бил ранет од вепар, се боцнала и со крвта ги обоила белите рози, кои станале црвени.[40]

Оттогаш, розата симболизира љубов која трае и по смртта, како и повторно раѓање. Таа го симболизира и сонцето, а претставува и еден од атрибутите на Дионис, Хеката и музите.

На бојните полиња каде што загинале многу херои, растат рози и трендафили. За време на празникот на розите (rosalia) во староримскиот култ, посведочен од I век од н.е., кој се прославувал од 11 мај до 15 јули (во зависност од регионот), се кинеле листови од рози. Тогаш, императорите носеле круни од рози. Денес, овој обичај во Италија се нарекува „domenica rosata“ – недела на розите и се празнува во неделата на духовите. Исто така, во гробовите во Рим се ставале рози.

Розета прикажана во кружен облик го симболизира сонцето, кое е основен извор на творечката енергија. Тоа ја симболизира вечната младост, смртта и повторното раѓање, бесмртноста. Сончевите зраци (врежани плитко преку розетите) симболизираат небесни влијанија кои ги прима земјата. Сонцето има улога на психопомп, бидејќи секое утро се крева на небото, а навечер оди во подземјето. Притоа, може да ги однесе луѓето во смрт или да ги извлече душите од подземјето.

Розетата која има облик на неправилна спирала го симболизира времето, цикличниот ритам на годишните времиња, на раѓањето и смртта, како и надежта за враќање од таму. Спиралата претставува динамичен систем, таа се движи од центарот или кон него. Може да го симболизира и посмртното патување на душата до нејзината крајна цел.[41]

Појавата на спиралата на надгробните споменици од римскиот период претставува континуитет на естетските и уметничките примери и карактеристики од праисториската епоха до средниот век.[42]

Може да се заклучи дека присуството на розетата на спомениците од првата половина на I век до крајот на III век е во тесна врска со верувањето во задгробниот живот, односно живот

[40] Шевалие-А. Ж., 2005, 861.
[41] Ibid, 959.
[42] ЗотовиЂ Р., 1995, 49.

по смртта. Мајсторите многу добро го познавале симболичното значење на розетата, затоа и не е случајно што таа е еден од главните, омилените и најчестите орнаменти.[43]

- Венец

Регистриран е на еден осуар кој потекнува од Кавадарци и на капак од осуар кој потекнува од Неготино. На примерокот од Кавадарци нема никакви придружни елементи, ниту натпис, па тешко може да го определиме статусот на покојникот.

Кога е поставен на споменик на некој офицер, овој декоративен елемент може да биде во врска со corona laurea, награда доделена на војникот додека е жив, за заслуга. Фактот што венецот се јавува и на надгробни споменици на цивилни лица и жени покажува дека во повеќето случаи неговата употреба е чисто декоративна. Можеби тука има еден далечен спомен на обичајот во античкиот свет, да биде овенчана главата на покојникот. Особено значење имал златниот венец кога му бил доделуван на покојникот за неговите заслуги од страна на официјални институти. Исто така, и приватни лица ги овенчувале покојниците. За тој обичај говорат и многуте златни венци, кои се пронајдени во гробовите од хеленистичко и римско време.

Во секојдневниот живот венецот е доделуван како награда на обичниот човек – смртник да ја овековечи неговата слава, најчесто во воени или спортски достигнувања.[44]

- Палмети и полупалмети

Полупалметите, иако не се чест декоративен елемент кај саркофазите и осуарите, сепак ги има, а се јавуваат во акротериите на два саркофази од Скупи ( на едниот капак е доста стилизирана, изведена е само со неколку геометриски закривени линии), осуар од Битола и еден осуар од Стоби. Тие најчесто се моделирани со плиток релјеф, стилизирани и може да завршуваат спирално, со волути.

Палмата симболизира победа, искачување, обновување и бесмртност. Во Македонија и во Хелада се поврзува со култот на сонцето. Таа е еден од атрибутите на богот Аполон.

[43] Петковски Р., 2013, 66–77.
[44] Ibid, 81–84.

Палмовата гранка е атрибут на божицата Нике. Во церемонијата во чест на победа, победниците добивале палмови гранки, а исто така е и погребен симбол во Рим, бидејќи при погреб биле ставани во гробовите. Во тој случај треба да симболизира победа на животот над смртта и повторно раѓање. Оваа симболика точно одговара на претставата на палметите на надгробните споменици.[45]

- Грозд

Гроздот е орнамент кој игра активна улога во погребниот култ. Тој бил еден од атрибутите на богот Дионис, во чија чест секоја година наесен се организирале т.н. Дионисиеви игри, при што се славело зреењето на грозјето со пиење вино, со музика и негово обожавање. Римјаните го обожавале Дионис под името Бах(ус) и организирале баханалии во негова чест.

Исто така, гроздот, како плод (овошје), може да симболизира изобилство, земни радости, желба, односно храна која најчесто ја опишува рајската состојба. [46]

Гроздот е регистриран на еден мермерен осуар од Скупи и на ковчег од саркофаг од Чаир.

- Бршленов лист

Овој симбол во значителна мера стои во контекстот на значењето на симболот на зимзелените дрвја.[47] Понекогаш бршленовиот лист се користи и како знак за разделување на зборовите во натписните полиња (hederae distiguentes), а понекогаш има само декоративна функција. Бршленовиот лист, како самостоен мотив, е присутен од крајот на I век од н. е. до крајот на III век од н. е.[48]

---

[45] Петковски Р., 2013, 89–92.
[46] Ibid, 93.
[47] Винчиќ Ж., 1996, 352.
[48] Петковски Р., 2013, 50–65.

Два бршленови листа со рачки, како самостоен мотив, среќаваме само на еден примерок на мал саркофаг во стрничните триаголни полиња на tabula ansata. Изведени се во плиток релјеф. Во овој случај имаат само декоративна функција.

**Животински мотиви**

- Птици

Симбол на светлината и на човековиот, но и на божјиот дух.[49]

Птиците, како симбол, може да се сретнат на два капаци од осуари од Неготино, а претставени се барски птици или штрк.

- Зајак

Како симбол на универзалното извориште и неуништливоста на животот, во смисла на неговото постојано обновување, зајакот е интегрален дел на сферата на лунарните симболи. Тој ја носи пораката на гаранцијата за неминовното воскреснување на покојникот.[50]

- Овнова глава

Претстава на овновска глава и гирланди се среќава на фрагмент од осуар од Матка, на ковчежето од осуар Скопско Кале, на ковчежето од осуар од Битола, како и на една сполија вградена во црквата Св. Никола во Прилеп.

- Змија

Како декоративен мотив, змијата се јавува мошне рано, а е забележана како еден од најчестите и најзначајните мотиви на територијата на Пајонија и Македонија. Се јавува како претстава на разни форми на накит, како декоративен орнамент на предмети од бронзената тореутика и занаетчиство, дел од претставите на надгробните споменици и важен симбол во фунерарната/погребната уметност каде што го носи главното хтонско значење, односно врската меѓу змијата и смртта овде доаѓа до полн израз. Змијата може да симболизира

[49] Винчиќ Ж., 1996, 353.
[50] Ibid, 353.

повеќе значења: бесмртност, трансформација, обнова. Таа е симбол на земјата (подземниот свет), излекувањето. Змијата е атрибут на Аполон, Дионис, Атена, Хермес, Асклепиј, Хигија, а се поврзува и со Хипократ, како и со некои ориентални богови од времето на синкретизмот. Таа ја отсликува блискоста на боговите и важноста која ја имаат во култовите. Се среќава и во римскиот период, во чија уметност симболот на змијата е потполно инкорпориран. Се среќава на примерите од камена пластика со сепулкларен и вотивен карактер, но и како дел од култот на тракискиот коњаник или мистичниот култ на Митра.[51]

Се јавува на еден капак од осуар од с. Добовјани, Струга, како и на уште еден капак од осуар од Битола во склоп на тракискиот коњаник.

- Коњ

Како декоративен елемент, коњот се јавува на еден капак од осуар од Битола, како составен дел од иконографијата на композицијата тракиски коњаник и на саркофагот од Баргала, исто така како составен дел од иконографијата на композицијата Амазономахија.

Коњот ја покажува социјалната положба на покојниците, кои биле кентуриони (војници). Независно дали поретко или почесто, коњот се јавува во сите провинции на Римското Царство, секогаш во склоп на композициски претстави како: посмртна гозба, хероизиран покојник, тракиски коњаник итн.

Во античката претстава, коњот е симбол на животот и смртта. Во Македонија и во Хелада, тој бил посветен на Посејдон, а во Рим на божицата Дијана. Изведбата на коњот на надгробните споменици ја симболизирала вербата во задгробниот живот, односно животот по смртта. Освен на надгробните споменици каде што ја покажува социјалната положба на покојниците, кои биле кентуриони (војници), сите други претстави симболизираат желба за бесмртност и повторно раѓање. Коњот може да ја симболизира и краткоста, т.е. минливоста на животот.[52]

[51] Петковски Р., 2013, 95–96.
[52] Ibid, 93–94.

**Апотропејски декоративни елементи**

- Букраниони

Букранионот се јавува на осуари, најчесто придружуван со гирланда и розети. Кај нас се среќава на кружниот осуар од локалитет Чаковец, село Ресава, на три мермерни осуари, два од Скупи и еден од Битола.

Симболиката на букранионот се поврзува со култот на плодноста. Во антиката, букранионот претставува декор на жртвениците, архитектурата, како и на надгробните споменици, како апотропеон. Во комбинација со гирландата, розетата и други фунерарни/погребни симболи, ја покажува својата јасна улога и симболична поврзаност со подземниот култ и идејата за вечен живот во рајската градина.[53]

Според направената анализа на надгробни стели, сите припаѓаат на војници легионери, односно Римјани (легионери можеле да бидат исклучиво римски граѓани – cives Romani), па затоа букранионот се смета за чисто римска придобивка, пренесена на овие простори со доаѓањето на римските легионери.

- Глава на Медуза

Овој декоративен елемент во надгробната пластика го сретнуваме како украс само во триаголното тимпанонско поле на капакот на саркофагот од Битола.

Треба да се истакне фактот дека Медузата во Македонија и во Хелада е позната уште од предисторискиот период. Имено, јунакот Персеј ѝ ја отсекол главата на Медузата, која била чудовиште со змии во косата, а божицата Атена на штитот носела апликации со глава на Медуза. Во антиката, таа претставува апотропеон, кој се носи прикачен како накит на облеката или на штитовите, а се среќава и на градбите и на куќите. Овој декоративен елемент е повторно актуелен во I век од н. е., во Рим, од каде што преку Северна Италија се шири во соседните провинции. На територијата која е предмет на овој труд, овој декоративен елемент е многу редок.[54]

---

[53] Петковски Р., 2013, 99–101.
[54] Ibid, 105–107.

**Космички декоративни елементи**

- Полумесечина

Како декоративен елемент, полумесечината се јавува на неколку капаци од Тиквешкиот Регион, што е типично само за овој регион.

Инаку, месечината е постар мотив кој се употребувал како декор во разни гробници и архитектури во Асирија и Египет. Таа е симбол на Големата мајка (Magna Mater), лунарната кралица на небото и еден од атрибутите на Изида. Овој декоративен елемент е често придружуван со розети и го симболизира вечниот циклус на раѓање, смрт и повторно раѓање.[55]

- Сончев диск

Сончевиот диск, како декоративен елемент во антиката, се среќава како декор на разни гробници и храмови во Македонија, Хелада и Египет, од каде што е пренесен на надгробните споменици, а од таму во сите провинции на Римското Царство.

Симболиката на претставата на сончевиот диск ја разгледавме претходно во делот за симболиката на кружната розета, сега само ќе дополнам дека кругот може да ги симболизира сонцето и месечината, како и небото, времето и космосот.

Сончевите зраци, кои се претставени со полукружни линии, ја симболизираат смртта и повторното раѓање, бидејќи сонцето преку зраците може да даде живот на сè што е живо на земјата, а во исто време преку нив може и да уништи сè.[56]

**Претстава на коњаник**

Претставата на коњаник на овој тип на споменици е мошне ретка. Таа претстава се јавува во тимпанонското поле само на еден капак од осуар од Битола.

Со ширењето на Римската Империја, самите Римјани дошле до простори каде што духовната култура се развивала и се мешала многу векови station наназад. Па така, на овие

[55] Петковски Р., 2013, 113–114.
[56] Ibid, 112–113.

простори на Римската Империја се создале неколку позначајни култови, од кои во овој случај ќе го разгледаме само култот на дунавските коњаници, односно тракиските коњаници.

Визуелниот приказ на овој култ претставува иконографска композиција од неколку елементи, кои секогаш не се претставени сите. Во зависност од тоа кои елементи ги содржи или се изоставени, може да се определат неколку иконографски типови: Тип А – херосот мирно јава на коњ, Тип Б – херосот лови со замавнато копје во рака (преземен од хеленските надгробни споменици, иконографска шема на покојник со коњ, со сите останати реквизити, змија, дрво, жртвеник, женски фигури) и Тип В – херосот се враќа од лов, пружајќи го пленот на кучињата (овој тип нема аналогии во хеленската уметност, затоа не е исклучено дека тракискиот херос постоел и порано, пред хеленизмот, но имал и други особини, други имиња, па и друга иконографска шема).

Тракискиот коњаник е предок, хероизиран предок или подобро – хероизирани предци. Сликата на тракискиот коњаник прво се јавила во Хелада, а не во Тракија. Таа слика им се допаднала на Тракијците и тогаш многу се раширила во областа Тракија. Впрочем, најпрво тие релјефи за Тракијците ги изработувале хеленските мајстори (или Тракијци кои учеле во Хелада, што е сеедно). Тогаш, во Хелада, тракискиот коњаник претставувал херој, т.е. дивинизиран предок на една фамилија, а потоа воопшто таков предок или предци. Тој релјеф можел лесно да се шири поради култот на мртвите. Природно е тоа дека еден култ во една област, која прави етнографска целина, побрзо ќе се шири отколку во странство. Меѓутоа, релјефи со тракиски коњаник се наоѓаат и надвор од Тракија.

Во периодот на доаѓањето на Римјаните и во првите векови на нашата ера, се менува состојбата. Имено, споменициите со тракискиот херос се побројни, а неговиот култ е широко распространет, особено во II и III век. Тогаш, споменициите на тракискиот херос се распространети по целата провинција Тракија, во Горна и Долна Мезија, делумно во Македонија и Долна Дакија, додека спорадично биле распространети по целата Римска Империја.

Херојот предок постоел во легендите на многу балкански народи во предримскиот период. Затоа, неговото често поврзување со тракискиот херос или неговото означување како тракиски херос нема реална основа за барање на еден етничко-културен круг од кој оваа

претстава се шири. Неговата изведба се однесува на хероизираниот предок, кој во исто време со своето присуство во обредот на посмртна гозба означува верување во бесмртноста на душата. Тој можеби е тука за да означи дека покојникот оди кај своите предци, кои ќе го дочекаат на „оној свет“. Во таа смисла, неговата претстава може да содржи функција на психопомп.

Дионис е почитуван во Тракија како бог ловец и подземен бог. Врската на Дионис со херосот ја објаснува и појавата на херосот на надгробните споменици. Тоа е божество со кое ќе се слеат душите на смртните за да добијат бесмртност. Идејата за слевање на душата со божеството е многу честа во Македонија и во Тракија.[57]

Од овде може да заклучиме дека постојат повеќе различни мислења и толкувања за тоа што претставува тракискиот коњаник, но ниту едно не е конечно.

**Амазономахија**

Амазономахија е приказ на амазонска битка, односно визуелен приказ на митската битка помеѓу Хелените и амазонките, кои биле нација на жени воини.

Визуелниот приказ на оваа композиција е доста често прикажуван на различни видови споменици во другите провинции на Римското Царство. Единствен ваков примерок е саркофагот кој потекнува од локалитетот Баргала, Штип.

Подетален опис на самата сцена ќе дадам во самиот опис на саркофагот во самиот каталог.

**Претстави на вази**

Ваква претстава има само на еден мал саркофаг кој потекнува од локалитетот Црквиште, с. Ореовец. На овој примерок се претставени три типа на вази, на предната челна страна, кои се украсени со листови и гроздови.

Висока, но тесна чаша, без дршки.

Амфора

Висок, но тесен сад, со една дршка.

[57] Петковски Р., 2013, 128–133.

Присутноста на овој мотив не е случајна, бидејќи мајсторите каменоресци многу добро го знаеле значењето на овие вази, а нивната симболика јасно се вклопува во верувањето во задгробен живот, религии и култови.[58]

## Човечки фигури

Човечката фигура во сепулкралната декорација на надгробните споменици се јавува во текот на I век, без разлика дали се работи за социјалната положба или за занаетот на покојникот или за сцени поврзани со погребни обичаи (тракиски коњаник, посмртна гозба...) каде што човечките фигури се во цел раст или имаат карактер на портрети.

Таму каде што фигурите се јавуваат како бисти или во полураст, може да се каже дека се зборува за надгробен портрет и тука каменорезецот се стремел да го предаде не само типичното во облеката и накитот на дадената епоха туку и да ги претстави индивидуалните црти на прикажаните.[59]

Фигури во цел раст се јавуваат во композициите на тракискиот коњаник на капакот од осуар од Битола и на саркофагот со амазономахија од Баргала.

Човечки фигури во полураст се јавуваат на неколку капаци од Тиквешкиот Регион, типична појава за овој регион.

Претстава на бисти има на осуарот од Стоби, како и на осуар од Хераклеја.

## Грифони

Грифоните или „кучињата на Ѕевс“ се митски суштества, односно ѕверови со тело на лав, а крилја и глава на орел. Оваа комбинација, всушност, е аристократски симбол, односно атрибутите на кралска моќ и благородништво ги добива од лавот, а брзината и визијата од орелот.

---

[58] Петковски Р., 2013, 127–128.
[59] Ibid, 146–166.

Седечки или стоечки грифони, чувари на гробот, се вообичаена декорација на римските саркофази во другите провинции на Римското Царство во текот на II и III век од н. е. Мотивот е особено популарен во текот на II век во работилниците за саркофази во градот Рим.[60]

Единствен ваков примерок се двата фрагменти кои потекнуваат од локалитетот Стоби, Градско.

Подетален опис на самата сцена ќе дадам во самиот опис на саркофагот во самиот каталог.

**Епиграфски натписи**

Натписите на саркофазите и на осуарите не се ретка појава, но од досегашните резултати од ова истражување е потврдено дека се среќаваат само на саркофазите од Скупи и на осуарите од Тиквешкиот Регион. Ширината на изворноста на овие натписи е релативно скромна, бидејќи се познати по приближно определените елементи, а со самото тоа се релевантни за потесен круг од областа на човечкиот живот во минатото. Епиграфските натписи во Тиквешкиот Регион се пишувани со старогрчко писмо. Тие децидно го определуваат културниот круг на кој му припаѓа овој регион во тоа време, без оглед на римската окупација. Натписите на саркофазите од Скупи се напишани со латинско писмо, но има и такви каде што текстот е испишан и со старогрчко и со латинско писмо.

Натписите може да бидат испишани во tabula ansata, во профилирана рамка или без да бидат врамени во натписно поле.

[60] Blaževksa S., 2022, 202.

## Завршни разгледувања

Бројот на саркофази и на осуари откриени на територијата на Р. Македонија, кои се предмет на обработка на оваа магистерска теза, е доволен показател дека ваквиот начин на погребување, во манир на ваков тип на погребни форми, е доста честа појава, особено на територии каде што се населувале римски доселеници.

Иако не се доминантен вид споменици, саркофазите и осуарите даваат бројни податоци кои ја откриваат социјалната структура на населението (војници, римски плебејци, занаетчии итн.) и појасна слика за животот и обичаите на луѓето кои се прикажани на нив, за културните и религиозните влијанија на овој простор, овозможени од интерактивните релации со соседните провинции каде што културата ги носела своите обележја, но прифаќала и дел од локалните норми и правила содржани во традицијата и култовите на домородното население.

Резултатите од ова истражување покажуваат дека на тлото на Р. Македонија се издвојуваат три основни типа на овој вид сепулкларни споменици, кои според начинот на декорација се поделени на неколку поттипови. На територијата на Македонија се јавуваат во I век, а ќе останат во употреба до III век кога во налет на христијанството како начин на погребување ќе преовлада инхумацијата, со сосема нови ритуални практики. Бидејќи се јавуваат во различни делови на третираната територија, тие носат свои локални карактеристики, а групирани според регионите во кои се јавуваат, сепак имаат одредени типолошки и тематски специфики.

Како што е веќе истакнато, илустрираните пластични претстави, освен декоративно, имаат и симболичко и религиозно-култно значење, додека епиграфските натписи се тесно поврзани и се одраз на животот на покојникот.

Како сублимат на ова истражување може да се каже дека е добиена појасна слика за симбиозата на римските и македонско-хеленските архитектонски и декоративни елементи, кои во комбинација со локалната интерпретација прават една уникатна целина, која е релевантен показател кој го дефинира присуството на доселениците, опфатот на нивното влијание, како и индивидуалниот израз на домородното население.

## Каталог

- **Атички тип**
- **Малоазиски тип**
- **Осуари**

**Атички тип**

---

**Кат. бр. 01**



ПРЕДМЕТ: Фрагментарен ковчег од саркофаг од атички тип.

ЛОКАЛИТЕТ: Баргала, Штип; денес се наоѓа во Музејот во Штип.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Систематски археолошки ископувања во 2010 год., два фрагмента се откриени при систематски археолошки ископувања во 1971 год.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 77 сантиметри.

Ширина: 86 сантиметри.

Должина: 205 сантиметри.

Длабочина: 66 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: Прва четвртина на III век.

ОПИС: Значително оштетен ковчег од саркофаг од атички тип. Изработен е од светкавобел локален мермер од рудникот Сивец, кој е со ситно до среднозрнеста структура. Двете фигури кои се откриени во поранешни ископувања во 1971 год., кои претставуваат фрагменти од саркофагот, ги дополнуваат нашите сознанија за неговата декорација. Зачувани се само релјефите од долната регија на една од подолгите страни, како и на левата кратка страна. Релјефите на пократката страна биле исчукани и ѕидот бил грубо замазнет уште во христијанскиот период кога ковчегот од саркофагот бил реупотребен. Не е исклучена можноста и десната кратка страна да била декорирана со релјеф. Втората долга страна не била декорирана и токму таа била свртена кон набљудувачот кога саркофагот бил пренаменет како корито за чешма.



Фрагмент 1



Фрагмент 2

Претставена е амазономахија, една од епизодите на Тројанската војна, многу популарен мотив во декорацијата на римските саркофази во текот на II и III век. Најверојатно, како централна сцена била претставена, но не е зачувана, битката меѓу Ахил и Пентесилаја,

царицата на амазонките. Зачувани се делови од телата на другите парови учесници, амазонки и грчки војници. Аглите меѓу оваа долга страна и двете кратки се декорирани со исправена фигура на Нике/Викторија, со венец во рацете.

Сочувана е само релјефната декорација која ја покрива предната долга страна на саркофагот. Најверојатно, украсена била и едната од кратките страни каде што се забележуваат траги од исчукување и измазнување на површината во раниот христијански период. Втората долга страна исто така останала неукрасена, како и неговата втора кратка (десна) страна каде што има пробушен отвор за истекување на водата за секундарната употреба на саркофагот.

Иако украсот е зачуван само во долната регија на саркофагот, сепак може да се забележи дека тој е изразито богат и висок релјеф и многу добро исполиран. Основата е многу внимателно подготвена од сите четири страни и нивелирана. Над конкавниот хоризонтален жлеб составен од две рамки е изработена рамка, при што долниот дел е поширок од горниот. Гирланда од листови од даб се простира во полето помеѓу двете рамки. Секој дел од венецот започнува од аголот на ковчегот и се сретнува со другиот дел во центарот на долгата страна, а краевите на листовите следат соодветни насоки на десно и лево. Прикажани се два вида конфигурации на листовите, одделени со вертикална конкавна линија. Првата конфигурација на листовите прикажува целосен лист во центарот, фланкиран со два желада на страните и две половини од листови од страните. Втората конфигурација се состои од два целосни листа со желад во средината. И двете кратки страни се украсени со гирланда. На десната кратка страна е прикажана конфигурацијата на целосен лист во центарот со две половини на страните, со конкавна вена во нивниот центар. Се забележува дека листовите кои се поблиску до предната долга страна се посебно внимателно издлабени. Колку повеќе гирландата се оддалечува од неа кон втората долга, но неукрасена страна, толку повеќе листовите стануваат шематски и безгрижно изработени. Конфигурацијата на левата кратка страна го повторува она на предната долга страна: две половини со целосен лист во центарот и два желада на страните или два целосни листа со еден желад помеѓу нив. Единствената разлика е дека краевите на листовите се мазни и изгледаат повеќе како ловорови листови, а не како на дабови листови. Саркофагот од Caeserea Maritima, кој сега се наоѓа во Археолошкиот музеј Рокфелер во

Ерусалим (Rockfeller Archaeological Museum of Jerusalem), исто така има две вертикални гирланди, на долниот и горниот дел на ковчегот, иако од друг вид. Оваа паралела исто така покажува дека саркофагот од Баргала можеби имал втор вертикален венец на горниот дел.

Од саркофагот во Баргала се зачувани само претстава на долната линија и само една целосна фигура во десниот агол на предната долга страна. Како што е веќе истакнато, две страни на саркофагот се украсени, а другите две се намерно оставени без украс. Поради позицијата на ковчегот, тие две страни не може да се набљудуваат од страна на гледачот. Паднатото тело на мртвата амазонка во многу комплексна поза е издлабено во долниот централен дел на предната долга страна. Мртвата амазонка лежи на грб во насока кон десно, но слабо дијагонално кон гледачот. Зачувано е само нејзиното торзо во туника (префлена преку десното рамо) со апоптигма и богати набори. Во други паралели се прикажува нејзиното целосно истегнато тело до крај на нозете, но во овој случај на нашиот примерок од Баргала, долниот дел од нејзиното тело не е зачувано. Левата рака е извиткана во лактот, допирајќи го горниот дел од рамката со дабови листови. На десната страна од нејзината глава се прикажуваат чизма и дел од седло на рамен начин, исто така во слабо дијагонална позиција. Овде и речиси секаде на ковчегот, различните претстави се извонредно волуменозно оцртани, почнувајќи од позадината до најистакнатиот дел од косата на мртвата амазонка. Нејзината глава неприродно е свртена од телото, не продолжувајќи во истата насока, туку наклонета кон него и скоро вертикално поставена, со брадата нагоре. Кадравата коса е поделена на три дела изработени во плиток релјеф или изгравирани: краткиот централен и долгите лев и десен дел, кои се спуштаат директно до крајот на рамката со дабови листови, како да ја нарушуваат во некои точки хоризонталната линија. Прикажан е и многу мал дел од наборите на туниката над нејзиниот лев колк, прекинат со дебела и тешка нога надесно, преминувајќи ги наборите веднаш лево од лактот. Најверојатно, ова е чизмата на втората стоечка амазонка, според саркофагот од Caesarea и таканаречениот саркофаг Пио Клементино (Pio – Clementino). Општо земено, целата иконографија е позната од насликаниот штит на Атина Партенон од Фидија и често се повторува во саркофазите со амазономахија.

Долниот дел од машката фигура е извајан десно од мртвата амазонка. Колковите му се разделени како триаголник и клечи на колена. Дел од човекот е обвиткан со плаштот околу десниот колк и десната нога, оставајќи го само коленото голо. Другиот крај на плаштот ги

покрива неговите гениталии и се шири надесно над лентата со листови, на ист начин како што тоа го прави косата на мртвата амазонка. Оваа поза е позната уште од гробната стела на Дексилеос и Александровиот саркофаг и е често претставувана на римските саркофази со амазономахија, но нозете во многу други споменици се прикажани во целост (по колената). На саркофагот од Баргала, левата нога од коленото надолу е притисната од торзо и глава од паднат коњ, претставена во профил десно, со долга брановидна грива. Муфелот му се отвора како да рика и страда од болка. Според саркофагот од Музејот Рокфелер (Rockfeller museum), мажот бил нападнат од трета амазонка, која не е зачувана во Баргала. Тој се обидува со десната рака да го извади оружјето од раната на десната града. Остатоци од прстите на оваа рака на воинот добро се гледаат и во релјефот од Баргала. Во левата рака држи нож или пократко оружје. Раката е многу уметнички свиткана во лактот со палудументумот (римски плашт) во половина круг. Уште еден мал дел од наборите од истиот плашт е само делумно зачуван, оставен во споменатиот полукруг.

На самиот агол е поставена женска фигура во цела должина, чија глава не е зачувана. Нејзината лева нога во чизма е прикажана како чекори дијагонално над самиот агол. Исклучително богата драперија од пеплос се спушта речиси од мазната лева нога во центарот на двете страни од аголот. Десната нога е силно повлечена и скриена под драперијата. Венецот кој обично го носи Нике/Викторија може да се забележи на кратката десна страна. Ништо не е зачувано од нејзините крила, кои би требало да ги има. Такви Виктории со гирланда/венец на едниот агол, а со трофеј на другиот се прикажани на саркофазите со амазономахија (изработени во римските работилници) во Музејот Капитолин (Capitoline Museum) во Рим. Во некои случаи, на издлабениот релјеф се прикажани полнокрвни амазонки, наместо Нике, на двата краја од релјефот.

Јасно е дека кратката страна, десно од главната долга страна, не била украсена. Од фигурата на Нике, на десната кратка страна, блиску до работ, е зачуван крајот на гирландата, подврзан со лента, чии краеви паѓаат надолу, како и драперијата на пеплосот. Левиот дел од предната долга страна е лошо зачуван и на врвот и на дното од ковчегот. На левиот агол се гледа левата нога во сандала, со добро моделирани прсти и нокти. Драперијата што паѓа е пониска од самата нога. Лево од ногата, кон центарот на релјефот, веројатно бил претставен паднат војник или амазонка. Фигурата стоела во движење кон центарот на

долгата страна. Зачувани се само дел од стапалото и глуждот на оваа претстава. Зад ногата се гледа нога на коњ. Исто така, десно, издлабена е предната нога на друг коњ со копито, кое стапнува на рамната површина на лентата со дабови листови. Веднаш над оваа нога со копито, веројатно, е прикажана левата нога на амазонка, подигната и свиткана во коленото. На саркофагот од Баргала, без сомнение, е претставена амазономахија, односно епизода од Тројанската војна позната од бројни хеленистички и римски споменици (вазни, слики, насликаниот штит на Атина Партенон од Фидија, скулпторски декорации на монументални култни згради, мавзолеи и саркофази). Југоисточната голема група споменици, од типот на **саркофагот на Ахил – Пентесилеја**, ги имале како прототипови фризовите од метопите на западната страна на Партенон во Атина и мавзолејот во Халикарнас. Оваа почетна иконографија ги прикажува со покриени или откриени и разголени леви или десни гради. Истата композиција може да се види и во саркофагот од Солои (Soloi), Кипар, сега во Уметничко-историскиот музеј (Kunsthistoriches Museum) во Виена каде што амазонките се претставени со необична иконографија за нив, без една гола града. Овој фустан се смета за ирански, а грчките воини се претставени како хоплити, речиси целосно голи. Друг, исто така нетипичен фустан на амазонките е прикажан на предната плоча од саркофагот со релјефна амазономахија датирана од 230 до 250 година и изложена во Музејот на Пиј и Климент (Pius – Clementine Museum) на Ватиканските музеи (Octagonal Court, Nord portico). Може да претпоставиме дека во случајот Баргала постоела централна претстава во висина на средината на долгата страна со Ахил кој ја убил кралицата на амазонките, Пентесилеја. Но, во некои пренатрупани римски борбени саркофази оваа централна сцена е отсутна и е заменета со бројни групи на борбени парови. Поврзани со римскиот центар на производство се и претставите на Нике/Викторија на аглите на долгата страна, како и на двете неукрасени страни.

Фризурата на паднатата амазонка, многу финото полирање и обработката на наборите на драперијата, како и моќните машки и женски тела покажуваат силна сличност со тркалезната скулптура од времето на Северите, од крајот на II до крајот на првата четвртина на III век. Високиот уметнички квалитет на композицијата, резбата и третманот на телата покажуваат дека ова локално ремек-дело е направено за истакнат граѓанин на Баргала во најдобрите традиции на римските и атичките центри за изработка на саркофази.

Прилози: Нема прилози, бидејќи саркофагот е секундарно употребен како корито за чешма.



Дел од релјеф (мртва амазонка)



Лева кратка страна



Десна кратка страна





Дел од релјеф

Дел од релјеф

ЛИТЕРАТУРА: Петрова С., Нацев Т., „Саркофагот со амазономахија од Баргала“, „Folia Archaeologica Balkanica IV“, 2018, стр. 299 – 312; Bitrakova Grozdanova, Vera and Aleksandra Nikolovska. 2015. „Several Decorated Sarcophagi from Macedonia“, ”In Römische Sarkophage, Akten des Internationalen Werkstattgesprächs“, 11.–13. October 2012 (Graz), edited by Barbara Porod and Gabriele Koiner, 26–41. Veröffentlichungen des Instituts für Archäologie der Karl-Franzens, Universität Graz 12.

**Кат. бр. 02**



ПРЕДМЕТ: Делови од саркофаг од атички тип.

ЛОКАЛИТЕТ: Стоби, Градско.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Откриен при редовни археолошки истражувања, 2005 год.

ДИМЕНЗИИ:

| ЛЕВ ФРАГМЕНТ: | ДЕСЕН ФРАГМЕНТ: |
| --- | --- |
| Висина: 77 сантиметри. | Висина: 70 сантиметри. |
| Должина: 105 сантиметри. | Должина: 104 сантиметри. |

ДАТИРАЊЕ: Втората четвртина или средината на II век од нашата ера.

ОПИС: Два релјефни фрагменти изработени од бел мермер со сиви вени и декорирани со два афронтирани грифини со орлови глави, секој со една (предна) подигната нога кон канделабра или кон факел кој се наоѓал во средината. Најдени се во текот на редовни археолошки истражувања во 2005 година, во доцноантичката куќа наречена **Казино** во Стоби, која неодамна е прикажана како епископска резиденција.

Двата фрагменти се делови од една плоча, која првично била долга страна на атички саркофаг направен во раниот период на производството, во втората четвртина или средината на II век од нашата ера. Бројни примери на атички саркофази откриени низ медитеранскиот свет имаат афронтирани грифини на задната долга страна, во комбинација со различни сцени на предната страна, типични за репертоарот на атичките работилници. Длабокиот релјеф на примерот од Стоби укажува дека се работи за долга предна страна на саркофаг. Двата фрагменти биле повторно искористени во резиденцијата за да послужат како парапет на правоаголната фонтана во перистилниот двор, практика позната во другите доцноантички резиденции во Стоби.



Детал од фрагмент

ЛИТЕРАТУРА: Blaževska S., „Marinov zbornik – Papers in Honour of professor Emilio Marin“; „Marble relief decorated with griffins from Stobi“; Zagreb, 2022, стр. 201–211, сл. 1, 2.

**Кат. бр. 03**



ПРЕДМЕТ: Делови од саркофаг од атички тип.

ЛОКАЛИТЕТ: Манастир, Дојран, гроб 2.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: При инфраструктурни ископувања, 1998 год.

ДИМЕНЗИИ: За жал, не се дадени поединечно димензиите на секој од фрагментите. Дадени се само димензиите на гробната конструкција: 245 x 134 x 92 см (215 x 106 x 92 см) и на целата гробница, која има импозантни димензии 345 x 170 x 190 см.

ДАТИРАЊЕ: II век од н. е.

ОПИС: Фрагменти од атички тип на саркофаг. Имено, станува збор за гробница која била конструирана од секундарно преработени архитектонски мермерни елементи, делови од постар саркофаг од атички тип. Мермерните сполии биле поврзани со варов малтер во гробна комора, затворена со две покривни плочи, исто така споени со варов малтер. Сите елементи биле изработени од фин ситнозрнест мермер. Покривните елементи биле нивелирани со мермерни фрагменти распоредени од надворешната страна околу целата комора. На северната покривна плоча има две кружни алки од железо со четвртест пресек, залеани со олово во мермерот, кои служеле за подигање на плочата за подоцнежните погребувања.

Од мермерните елементи на постариот саркофаг од атички тип разликуваме делови од покривот на две води, долен дел од покривот и една страна од саркофагот. Југоисточната подолжна плоча е дел од капак на две води, секундарно пресечен на два дела. Предната коса страна била декорирана со пластично изведен украс кој имитира ќерамиди. На предниот дел на аголот има масивна акротерија без декорација.

На потесните страни на северната покривна и јужната попречна плоча гледаме фриз со плитки касети со ромбови, секундарно пресечени, ограничени со тричлени ленти во чиј средишен дел се врежани по две линии. Во центарот на ромбовите, како и во аглите на касетите се врежани неколку видови розети: четирилисни и петлисни детелини, осумлисни розети со остри врвови и розети со тордирани листови. Двете соседни подолжни страни се декорирани по хоризонтала, едната со високи дволисни акантуси, а другата со широки повиени акантусови листови. На северната покривна плоча, меѓу овие акантуси има претстава на лов на лавови. Претставени се три човечки фигури, од кои едната е претстава на жена која во рацете држи по два акантусови листови и две лавовски глави. Едната машка фигура во раката држи копје спремно за фрлање. Можеби и меѓу повиените акантусови листови на јужната попречна плоча имало релјефна претстава, која дополнително е уништена со засекувањето за спојување на комората.

Западната странична плоча исто така е декорирана: горе со рамен профил, потоа со мал киматион без декорација и со две групи на канелури во облик на издолжена латинска буква „S“, свртени обратно една од друга.

Голема штета е направена со секундарното сечење, така што не може да добиеме попрецизна слика за изгледот на саркофагот.

Прилози: Пронајдените наоди се поврзуваат со секундарното погребување. Тие не соодветствуваат со датирањето на саркофагот, бидејќи истите припаѓаат на секундарното погребување.










ЛИТЕРАТУРА: Сламков Е., Гушев Ѓ. „Римски гробови од Дојранско“, Macedonia Acta Arheologica, бр. 16, 1997 – 1999, стр. 189–200.

**Кат. бр. 04**

ПРЕДМЕТ: Фрагментарен ковчег од саркофаг.



ЛОКАЛИТЕТ: Рупка, с. Црничани, Општина Новаци.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Нема податоци.

ДИМЕНЗИИ: Бидејќи саркофагот не е инвентариран, не ми е достапен за утврдување на неговите димензии.



ДАТИРАЊЕ: II век од н. е.

ОПИС: Фрагментарен ковчег од саркофаг од бел мермер, со релјефни декорации на елисиумски цветови по страните и букраниони на аглите, а долу е проширен во неколкукратна профилирана база. Укажува на богата локална заедница во раноримскиот период.





Прилози: нема податоци.

ЛИТЕРАТУРА: Необјавен. Голема благодарност до почитуваниот проф. д-р Виктор Лилчиќ-Адамс, кој безрезервно одвои еден цел фонд на фотографии и видеоматеријали од овој прекрасен примерок.

**Кат. бр. 05**

ПРЕДМЕТ: Ковчег од мермерен саркофаг.



ЛОКАЛИТЕТ: Чаир, џамија Хаџи Кас'м, Скопје (територија на Скупи).

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: нема податоци.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: Невозможно е да се измери.

Ширина: 130 сантиметри.

Должина: 229 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: II век од н. е.

ОПИС: Денес, достапен е само описот кој го дава Блага Алексова, односно дека пред џамијата на Хаџи Кас`м е вграден римски мермерен саркофаг како корито на една чешма. На саркофагот се гледаат релјефно украсените рабови со еден венец од лозници, листови и гроздови, кои се среќаваат како украс (мошне често) и на доцноантичките надгробни споменици и саркофази, како и на пластичната декорација на ранохристијанските базилики. Овој саркофаг не е донесен од некое друго место, туку откопан (што е сосема возможно поради неговата тежина) негде во непосредна близина на местото каде што се наоѓа, бидејќи тогаш во овој дел на Скопје постоела античка некропола.

Прилози: Бидејќи е регистриран како секундарно употребен, т.е. како корито за чешма, нема податоци за гробни прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Алексова Б., Зборник на Археолошкиот музеј, кн. 1, „Еден нов наод од Скопје" – Скопје (1955 – 1956), стр. 8, сл. 12.

*Саркофази кои имитираат елементи на атички тип*

**Кат. бр. 06**



ПРЕДМЕТ: Саркофаг со капак.

ЛОКАЛИТЕТ: Хераклеја, Битола (денес се наоѓа пред Завод и музеј – Битола).

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Нема податоци.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 107 сантиметри.

Ширина: 93 сантиметри.

Должина: 231 сантиметар.

ДАТИРАЊЕ: II или III век.

ОПИС: Станува збор за саркофаг со капак од бел мермер, кој од едната страна е многу оштетен. Трите страни се профилирани и врамени во правоаголно поле. Капакот е изведен во форма на покрив на две води. Во обата тимпанони има пластична глава на крилата Медуза. Акротериите имаат украс во облик на палмети, додека горната површина го имитира покривот на кој се врежани покривни ќерамиди во облик на рибина крлушка. Саркофагот е изложен во лапидариумот во дворот на битолскиот музеј. Оригиналните услови на пронаоѓање не се познати. Се мисли дека потекнува од Хераклеја Линкестис или од нејзината околина. Видно е оштетен на предната страна, но не е фрагментарен како што би бил ако бил употребен како градежен материјал, така што најверојатно во музејот е донесен од околните села или полиња. Саркофагот е датиран во II или III век, според натписот напишан на покривот, од кој исто така можеме да го идентификуваме и покојникот. Овој саркофаг исто така треба да се разгледа низ техничките и стилските карактеристики. Декоративните елементи се многу скромни . Ковчегот од саркофагот нема

фигурална декорација, има само профилирани рамки на челната и на двете бочни страни. Капакот, од друга страна, е во форма на двосливен покрив со имитација на покривни ќерамиди. Таков тип на капаци се типични за раната продукција на антички саркофази, пред тие да преминат во тип на клине со портрети на покојниците. Двата фронтони од капакот се профилирани, декорирани со глава на Медуза во средината. Аголните акротерии се декорирани со стилизирани палмети, што е чест мотив кај слични примери. Изработен е од мермер кој најверојатно потекнува од наоѓалиштето на мермер во Сивец, исто како и сите останати споменици и архитектонски елементи од Хераклеја. Ова покажува дека овој саркофаг е продукт од локална работилница и имитира елементи на атички тип на саркофаг. Декорациите на саркофагот не покажуваат високи уметнички вредности, што е уште еден доказ дека е локална продукција, не порано од III век.

Прилози: Нема податоци.

ЛИТЕРАТУРА: Хераклеја I, XXVII, стр. 54, бр. 47.

**Кат. бр. 07**



ПРЕДМЕТ: Капак од саркофаг.

ЛОКАЛИТЕТ: С. Локвени, селска црква Св. Дух, Крушево.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Ѕвидан како сполија во селската црква Св. Дух.

ДИМЕНЗИИ: Примерокот е неинвентариран, па поради тоа податоците за неговите димензии не ми се познати.

ДАТИРАЊЕ: II век од н. е.

ОПИС: Во апсидата на црквата, однадвор, се наоѓа ѕвидан капак од саркофаг од бел мермер, тип наискос. Едната коса страна му е моделирана во вид на покрив со римски ќерамиди и мали двосливни имбрекси, коринтски тип.

Прилози: Бидејќи е регистриран како сполија во црква, нема гробни прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Лилиќ В. 2001, 311.

## Малоазиски тип

---

*Саркофази со рамен капак, без декорации*

**Кат. бр. 08**

ПРЕДМЕТ: Саркофаг со фрагментарен и рамен капак.



ЛОКАЛИТЕТ: Југосточна некропола на локалитет Скупи.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Систематски археолошки истражувања, 2011/2012 г.

ДИМЕНЗИИ:

| КОВЧЕГ: | КАПАК: |
|---|---|
| Висина: 86 сантиметри. | Висина: 35 сантиметри. |
| Ширина: 107 сантиметри. | Ширина: 117 сантиметри. |
| Должина: 227 сантиметри. | Должина: 240 сантиметри. |

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Саркофаг од малоазиски тип, кој е целосно сочуван. Капакот е во форма на двосливен покрив, со четири акротерии на аглите. Нема жлебови за кламфи (железна кука за составување поголеми предмети) за спојување на капакот и ковчегот. Изработен е од локален травертин, со рустична обработка со длето, во стил и техника идентични како капакот. Сите страни се недекорирани.

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Необјавен. Инвентарна книга на ЈУ Музеј на Град Скопје – Скопје, влезен број 81088 и теренски инвентарен број 496.

**Кат. бр. 09**

ПРЕДМЕТ: Саркофаг од малоазиски тип со рамен капак.



ЛОКАЛИТЕТ: Скупи, југоисточна некропола, гроб 174. Денес се наоѓа на платото пред Музеј на Град Скопје – Скопје

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Систематски археолошки истражувања, 1971 год.

ДИМЕНЗИИ:

| КОВЧЕГ: | КАПАК: |
|---|---|
| Висина: 72 сантиметри. | Висина: 19 сантиметри. |
| Ширина: 79 сантиметри. | Ширина: 84 сантиметри. |
| Должина: 107 сантиметри. | Должина: 123 сантиметри. |

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Мал саркофаг изработен од травертин, со рустична обработка. Има рамен камен кој бил запечатен на двете помали страни со помош на железни кламфи и олово. Едната кламфа е сочувана до денес. Малите димензии укажуваат на тоа дека најверојатно бил наменет за дете покојник.

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Необјавен. Инвентарна книга на ЈУ Музеј на Град Скопје – Скопје, влезен број 19032 и теренски инвентарен број 2637.

*Саркофази со капак во форма на двосливен покрив, со акротерии на аглите, без декорации*

**Кат. бр. 10**



ПРЕДМЕТ: Саркофаг со капак.

ЛОКАЛИТЕТ: Бардовци. Денес се наоѓа во НУ Археолошки музеј на РС Македонија (Куршумли ан)

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: нема податоци.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 66 сантиметри.

Ширина: 75 сантиметри.

Должина: 202 сантиметри.

КАПАК:

Висина: 40 сантиметри.

Ширина: 72 сантиметри.

Должина: 211 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Саркофаг од малоазиски тип, изработен од локален травертин. Пронајден е заедно со капакот, кој е во форма на двосливен покрив и е декориран со акротерии на сите четири агли. Но, ниту на ковчегот ниту на капакот нема забележливи украсни детали.

Прилози: Нема податоци.

ЛИТЕРАТУРА: Инвентарна книга на НУ Археолошки музеј на РСМ, инвентарен бр. АМРСМ-А-639, вл. бр. 42100.

**Кат. бр. 11**



ПРЕДМЕТ: Саркофаг со фрагментарен капак.

ЛОКАЛИТЕТ: Југоисточна некропола на локалитет Скупи.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Систематски археолошки истражувања, 2011/2012 г.

ДИМЕНЗИИ:

| | |
|---|---|
| КОВЧЕГ: | КАПАК: |
| Висина: 79,5 сантиметри. | Висина: 32,5 сантиметри. |
| Ширина: 94 сантиметри. | Ширина: 108 сантиметри. |
| Должина: 218 сантиметри. | Должина: 180 сантиметри. |

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Саркофаг од малоазиски тип. Капакот е фрагментарен и е во форма на двосливен покрив, со акротерии на аглите, од кои се сочувани само две. Внатрешниот дел на капакот е издлабен и ја следи формата на покривот. Долната површина на капакот е профилирана за да може да се вклопи на ободот од ковчегот на саркофагот. На страничните панели од ковчегот и на фронтонот на капакот има жлебови за кламфи за спојување на капакот и ковчегот. Имено, на долниот дел капакот бил нажлебан со профилација, која овозможувала тој да не се лизга од ковчегот по неговото поставување. Изработен е од локален травертин, со рустична обработка со длето, во стил и техника идентични како капакот. Сите страни се недекорирани. Во внатрешноста на ковчегот има благо закосување во вид на перница, односно потпирач за главата на покојникот.

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Необјавен. Инвентарна книга на ЈУ Музеј на Град Скопје – Скопје, влезен број 81086 и теренски инвентарен број 494.

**Кат. бр. 12**



ПРЕДМЕТ: Саркофаг со капак.

ЛОКАЛИТЕТ: Југоисточна некропола на локалитет Скупи.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Систематски археолошки истражувања, 2011/2012 г.

ДИМЕНЗИИ:

| КОВЧЕГ: | КАПАК: |
|---|---|
| Висина: 74 сантиметри. | Висина: 45 сантиметри. |
| Ширина: 77 сантиметри. | Ширина: 97 сантиметри. |
| Должина: 205 сантиметри. | Должина: 213 сантиметри. |

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Саркофаг од малоазиски тип. Капакот е во форма на двосливен покрив, со четири акротерии на аглите. Нема жлебови за кламфи за спојување на капакот и ковчегот. Изработен е од локален травертин, со рустична обработка со длето, во стил и техника идентични како капакот. Сите страни се недекорирани. Во внатрешноста на ковчегот има благо закосување во вид на перница, односно потпирач за главата на покојникот.

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Необјавен. Инвентарна книга на ЈУ Музеј на Град Скопје – Скопје, влезен број 81087 и теренски инвентарен број 495.

**Кат. бр. 13**



ПРЕДМЕТ: Саркофаг со капак од малоазиски тип.

ЛОКАЛИТЕТ: Југоисточна некропола на локалитет Скупи.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Систематски археолошки истражувања, 2011/2012 г.

ДИМЕНЗИИ:

| КОВЧЕГ: | КАПАК: |
|---|---|
| Висина: 102 сантиметри. | Висина: 42 сантиметри. |
| Ширина: 105 сантиметри. | Ширина: 110 сантиметри. |
| Должина: 230 сантиметри. | Должина: 232 сантиметри. |

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Саркофаг од малоазиски тип, кој е целосно сочуван. Капакот е во форма на двосливен покрив, со четири акротерии на аглите. Нема жлебови за кламфи за спојување на капакот и ковчегот. Изработен е од локален травертин, со рустична обработка со длето, во стил и техника идентични како капакот. Сите страни се недекорирани.

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Необјавен. Инвентарна книга на ЈУ Музеј на Град Скопје – Скопје, влезен број 81089 и теренски инвентарен број 497.

**Кат. бр. 14**



ПРЕДМЕТ: Саркофаг со капак од малоазиски тип.

ЛОКАЛИТЕТ: Југоисточна некропола на локалитет Скупи к.п 160 / 1.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Систематски археолошки истражувања, 1996 год.

ДИМЕНЗИИ:

| КОВЧЕГ: | КАПАК: |
|---|---|
| Висина: 84 сантиметри. | Висина: 46 сантиметри. |
| Ширина: 89 сантиметри. | Ширина: 100 сантиметри. |
| Должина: 207 сантиметри. | Должина: 217 сантиметри. |

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Се работи за саркофаг од малоазиски тип. Капакот е во форма на двосливен покрив, со четири акротерии на аглите, од кои едната е откршена. Нема жлебови за кламфи за спојување на капакот и ковчегот. Изработен е од локален травертин, со рустична обработка со длето, во стил и техника идентични како капакот. Сите страни се недекорирани. Во внатрешноста на ковчегот има благо закосување во вид на перница, односно потпирач за главата на покојникот.

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Јованова Л. 2013, 709–745, Инвентарна книга на ЈУ Музеј на Град Скопје – Скопје, влезен број 81011 и теренски инвентарен број 434.

**Кат. бр. 15**



ПРЕДМЕТ: Саркофаг со капак.

ЛОКАЛИТЕТ: Скупи, југоисточна некропола, гроб 199. Денес се наоѓа на платото пред Музеј на Град Скопје – Скопје.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: 1971 год.

ДИМЕНЗИИ:

| КОВЧЕГ: | КАПАК: |
|---|---|
| Висина: 90 сантиметри. | Висина: 45 сантиметри. |
| Ширина: 97 сантиметри. | Ширина: 114 сантиметри. |
| Должина: 208 сантиметри. | Должина: 225 сантиметри. |

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Саркофаг од малоазиски тип, со ковчег и капак. Нема пластична декорација. На капакот, кој е во форма на двосливен покрив, има изведени акротерии на сите четири агли.

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Инвентарна книга на ЈУ Музеј на Град Скопје – Скопје, влезен број 16033 и теренски инвентарен број 2638.

**Кат. бр. 16**



ПРЕДМЕТ: Саркофаг од малоазиски тип.

ЛОКАЛИТЕТ: Скупи, југоисточна некропола, гроб 109. Денес се наоѓа на платото пред Музеј на Град Скопје – Скопје.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Систематски археолошки истражувања, 1977 год.

ДИМЕНЗИИ:

| КОВЧЕГ: | КАПАК: |
|---|---|
| Висина: 94 сантиметри. | Висина: 47 сантиметри. |
| Ширина: 113 сантиметри. | Ширина: 124 сантиметри. |
| Должина: 230 сантиметри. | Должина: 245 сантиметри. |

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Саркофаг од малоазиски тип, изработен од травертин, со груба рустична обработка. Има капак кој е изведен во форма на двосливен покрив, со издлабени акротерии на сите четири агли. Запечатен бил на двете помали страни со помош на железни кламфи кои се делумно сочувани. Наменет бил за возрасна индивидуа.

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Инвентарна книга на ЈУ Музеј на Град Скопје – Скопје, влезен број 16035 и теренски инвентарен број 2640.

**Кат. бр. 17**



ПРЕДМЕТ: Саркофаг од малоазиски тип.

ЛОКАЛИТЕТ: Скупи, југоисточна некропола, гроб бр. 200. Денес се наоѓа на платото пред Музеј на Град Скопје – Скопје.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Систематски археолошки истражувања, 1971 год.

ДИМЕНЗИИ:

| КОВЧЕГ: | КАПАК: |
| --- | --- |
| Висина: 93 сантиметри. | Висина: 45 сантиметри. |
| Ширина: 103 сантиметри. | Ширина: 112,5 сантиметри. |
| Должина: 215 сантиметри. | Должина: 224 сантиметри. |

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Саркофаг од малоазиски тип, изработен од травертин, со груба рустична обработка. Има капак кој е изведен во форма на двосливен покрив, со издлабени акротерии на сите четири агли. Наменет бил за возрасна индивидуа.

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Инвентарна книга на ЈУ Музеј на Град Скопје – Скопје, влезен број 16040 и теренски инвентарен број 2645.

**Кат. бр. 18**



ПРЕДМЕТ: Саркофаг од малоазиски тип.

ЛОКАЛИТЕТ: Територија на Скупи, бул. Партизански одреди, гроб 1. Денес се наоѓа на платото пред Музеј на Град Скопје – Скопје.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Систематски археолошки истражувања, 1969 год.

ДИМЕНЗИИ:

| КОВЧЕГ: | КАПАК: |
|---|---|
| Висина: 91 сантиметар. | Висина: 37 сантиметри. |
| Ширина: 110 сантиметри. | Ширина: 121 сантиметар. |
| Должина: 230 сантиметри. | Должина: 241 сантиметар. |

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Саркофаг изработен од травертин. Долниот дел е во облик на ковчег, додека капакот е изработен во форма на двосливен покрив, со акротерии на четирите агли кои се доста оштетени. Искршениот капак е реконструиран со бел цемент.

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Инвентарна книга на ЈУ Музеј на Град Скопје – Скопје, влезен број 16046 и теренски инвентарен број 2651.

**Кат. бр. 19**



ПРЕДМЕТ: Саркофаг со капак

ЛОКАЛИТЕТ: Југоисточна некропола, Скупи.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: заштитни археолошки истражувања.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 104 сантиметри.

Ширина: 103 сантиметри.

Должина: 219 сантиметри.

КАПАК:

Висина: 42 сантиметри.

Ширина: 120 сантиметри.

Должина: 240 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Саркофаг од малоазиски тип, целосно сочуван. Капакот е во форма на двосливен покрив, со четири акротерии на аглите. Изработен е од локален травертин, со рустична обработка со длето, во стил и техника идентични како капакот. Сите страни се недекорирани.

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Неинвентариран и необјавен.

**Кат. бр. 20**

ПРЕДМЕТ: Саркофаг со капак.



ЛОКАЛИТЕТ: Југоисточна некропола, Скупи.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: заштитни археолошки истражувања.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 92 сантиметри.

Ширина: 110 сантиметри.

Должина: 240 сантиметри.

КАПАК:

Висина: 43 сантиметри.

Ширина: 120 сантиметри.

Должина: 274 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Саркофаг од малоазиски тип, целосно сочуван. Капакот е во форма на двосливен покрив, со четири акротерии на аглите. Изработен е од локален травертин, со рустична обработка со длето, во стил и техника идентични како капакот. Сите страни се недекорирани.

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Неинвентариран и необјавен.

**Кат. бр. 21**



ПРЕДМЕТ: Саркофаг со капак.

ЛОКАЛИТЕТ: Територија на Скупи. Денес се наоѓа на платото пред Музеј на РС Македонија.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: нема податоци.

ДИМЕНЗИИ:

| КОВЧЕГ: | КАПАК: |
| --- | --- |
| Висина: 94 сантиметри. | Висина: 50 сантиметри. |
| Ширина: 108 сантиметри. | Ширина: 110 сантиметри. |
| Должина: 223 сантиметри. | Должина: 227 сантиметри. |

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Саркофаг од малоазиски тип, целосно сочуван. Капакот е во форма на двосливен покрив, делумно фрагментарен и реконструиран со сив бетон, со четири акротерии на аглите. Изработен е од локален травертин, со рустична обработка со длето, во стил и техника идентични како капакот. Сите страни се недекорирани. Капакот и ковчегот биле споени со кламфи од олово и железо на двете пократки страни.

Прилози: нема податоци.

ЛИТЕРАТУРА: Примерокот е неинвентариран, поради што дел од податоците не ми се познати.

**Кат. бр. 22**



ПРЕДМЕТ: Саркофаг.

ЛОКАЛИТЕТ: Стоби, Градско, западна некропола, гроб бр. 1804.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Заштитни археолошки истражувања, 1995 година.

ДИМЕНЗИИ:

| КОВЧЕГ: | КАПАК: |
|---|---|
| Висина: 73 сантиметри + 3,5 сантиметри заб. | Висина: 28 сантиметри. |
| Ширина: 80 сантиметри. | Ширина: 81 сантиметар. |
| Должина: 201 сантиметар. | Должина: 198 сантиметри. |

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Станува збор за саркофаг од малоазиски тип, целосно сочуван. Капакот е во форма на двосливен покрив, со акротерии на аглите, кои се доста рудиментарни. Изработен е од локален песочник, со рустична обработка со длето, во стил и техника идентични како капакот. Сите страни се недекорирани.

Прилози: Нема податоци.

ЛИТЕРАТУРА: Примерокот е неинвентариран, поради што дел од податоците не ми се познати.

**Кат. бр. 23**



ПРЕДМЕТ: Капак од саркофаг од малоазиски тип.

ЛОКАЛИТЕТ: Исар, Марвинци.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ:

ДИМЕНЗИИ: Примерокот е неинвентариран, поради што дел од податоците не ми се познати.

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Во непосредна близина на гробницата е најден еден капак од саркофаг. Едната од подолгите страни е значително оштетена. Претставува едноставен вид од ваков тип на споменици, со акротерии на аглите, без украс. Веројатно бил дислоциран од местото каде што првично стоел, бидејќи неговата комора не е најдена. Во описот недостасуваат податоци за неговите димензии и материјалот од кој е изработен, поради што неговата идентификација е некомплетна.

Прилози: Бидејќи ковчегот од саркофагот не е пронајден (најден е само капакот), не се забележани остеолошки остатоци, ниту некакви прилози кои се поврзани со ова погребување.

ЛИТЕРАТУРА: Соколовска, В. 1986, стр. 111, сл. 86.

**Кат. бр. 24**



ПРЕДМЕТ: Саркофаг со капак.

ЛОКАЛИТЕТ: Територија на Скупи. Денес се наоѓа на платото пред Музеј на Град Скопје – Скопје.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: При регулација на коритото на реката Вардар, 200 – 300 метри јужно од биолошката лабораторија на „Охис“.

ДИМЕНЗИИ:

| КОВЧЕГ: | КАПАК: |
|---|---|
| Висина: 42 сантиметри. | Висина: 28 сантиметри. |
| Ширина: 62 сантиметри. | Ширина: 66 сантиметри. |
| Должина: 122 сантиметри. | Должина: 122,5 сантиметри. |

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Мал саркофаг од малоазиски тип, кој е изработен од травертин, со рустична обработка. Има капак кој е изведен во форма на двосливен покрив, со акротерии на сите четири агли. Бил запечатен на двете помали страни со помош на кламфи. Малите димензии укажуваат на тоа дека најверојатно бил наменет за дете покојник.

Прилози: Нема податоци, ниту некакви прилози, но најверојатно саркофагот е најден без остеолошки остатоци.

ЛИТЕРАТУРА: Необјавен. Инвентарна книга на ЈУ Музеј на Град Скопје – Скопје, влезен број 16044 и теренски инвентарен број 2649.

**Кат. бр. 25**



ПРЕДМЕТ: Мал саркофаг од малоазиски тип.

ЛОКАЛИТЕТ: Територија на Скупи, бул. Партизански одреди, блок 6. Гроб 3. Денес се наоѓа на платото пред Музеј на Град Скопје – Скопје.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: 1969 год.

ДИМЕНЗИИ:

| КОВЧЕГ: | КАПАК: |
|---|---|
| Висина: 61 сантиметар. | Висина: 31 сантиметар. |
| Ширина: 69 сантиметри. | Ширина: 77 сантиметри. |
| Должина: 120 сантиметри. | Должина: 126 сантиметри. |

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Мал саркофаг од малоазиски тип, кој е изработен од травертин, со рустична обработка. Има капак кој е изведен во форма на двосливен покрив, со акротерии на сите четири агли. Бил запечатен на двете помали страни со помош на железни кламфи и олово. Едната кламфа е сочувана до денес. Малите димензии укажуваат на тоа дека најверојатно бил наменет за дете покојник.

Прилози: Нема податоци, ниту некакви прилози, но најверојатно саркофагот е најден без остеолошки остатоци.

ЛИТЕРАТУРА: Необјавен. Инвентарна книга на ЈУ Музеј на Град Скопје – Скопје, влезен број 16043 и теренски инвентарен број 2648.

**Кат. бр. 26**

ПРЕДМЕТ: Ковчег од мал саркофаг.



ЛОКАЛИТЕТ: Југоисточна некропола, Скупи.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Заштитни археолошки истражувања, 2022/2023 г.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:



Висина: 44 сантиметри.

Ширина: 57 сантиметри.

Должина: 119 сантиметри.

КАПАК:

Висина: 17 сантиметри.

Ширина: 66 сантиметри.

Должина: 124 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Целосно сочуван мал детски саркофаг од малоазиски тип. Изработен е од травертин, со рустична обработка. Нема никакви декорации на ковчегот. Капакот е во форма на двосливен покрив, со акротерии на сите четири агли.

Прилози: Во моментот кога го документирав саркофагот, истиот не беше исчистен, поради што не знаеме дали има наоди во недопрената земја која се наоѓа во ковчегот.

ЛИТЕРАТУРА: Неинвентариран и необјавен.

**Кат. бр. 27**



ПРЕДМЕТ: Ковчег од саркофаг од малоазиски тип.

ЛОКАЛИТЕТ: Југоисточна некропола на локалитет Скупи.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Систематски археолошки истражувања, 2011/2012 г.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 72 сантиметри.

Ширина: 67 сантиметри.

Должина: 188 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Ковчег од саркофаг од малоазиски тип. Недостасува капакот, поради што не можеме да знаеме дали бил во форма на двосливен покрив, со акротерии на аглите или бил рамен. Нема жлебови за кламфи за спојување на капакот и ковчегот. Изработен е од локален травертин, со рустична обработка со длето. Сите страни се недекорирани. Во внатрешноста на ковчегот има благо закосување во вид на перница, односно потпирач за главата на покојникот.

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Необјавен. Инвентарна книга на ЈУ Музеј на Град Скопје – Скопје, влезен број 81090 и теренски инвентарен број 498.

**Кат. бр. 28**



ПРЕДМЕТ: Ковчег од саркофаг.

ЛОКАЛИТЕТ: Југоисточна некропола, Скупи.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Заштитни археолошки истражувања, 2022/2023 г.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 51 сантиметар.

Ширина: 78 сантиметри.

Должина: 210 сантиметри.

Длабочина: 38 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Ковчег од саркофаг, изработен од травертин. Нема никакви декорации, со рустична обработка. Недостасува капакот, па поради тоа не можеме да знаеме каква форма имал.

Прилози: Нема податоци.

ЛИТЕРАТУРА: Неинвентариран и необјавен.

**Кат. бр. 29**



ПРЕДМЕТ: Ковчег од саркофаг

ЛОКАЛИТЕТ: Југосточна некропола, Скупи.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Заштитни археолошки истражувања, 2022/2023 г.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 61 сантиметар.

Ширина: 94 сантиметри.

Должина: 202 сантиметри.

Длабочина: 44 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Ковчег од саркофаг, изработен од травертин. Нема никакви декорации, со рустична обработка. Недостасува капакот, па поради тоа не можеме да знаеме каква форма имал.

Прилози: Нема податоци.

ЛИТЕРАТУРА: Неинвентариран и необјавен.

**Кат. бр. 30**



ПРЕДМЕТ: Долен дел од саркофаг со капак.

ЛОКАЛИТЕТ: Југоисточна некропола, Скупи.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Заштитни археолошки истражувања, 2022/2023 г.

ДИМЕНЗИИ:

| КОВЧЕГ: | КАПАК: |
|---|---|
| Висина: 63 сантиметри. | Висина: 35 сантиметри. |
| Ширина: 107 сантиметри. | Ширина: 94 сантиметри. |
| Должина: 225 сантиметри. | Должина: 130 сантиметри. |

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Се работи за долен дел од саркофаг со капак, изработен од локален травертин, со рустична обработка. Капакот е во форма на двосливен покрив со акротерии на двата сочувани агли, кои се декорирани со шематски прикажани полупалмети. Нема други видливи декоративни елементи. Капакот е пронајден заедно со висока правоаголна камена плоча со издлабен процеп во средината без дно, во која најверојатно бил положен покојник. Изработката е многу рустична, што укажува дека најверојатно саркофагот не е доработен.

Прилози: Нема податоци.

ЛИТЕРАТУРА: Неинвентариран и необјавен.

*Саркофази со натпис во tabula ansata на капакот*

**Кат. бр. 31**



ПРЕДМЕТ: Капак од саркофаг.

ЛОКАЛИТЕТ: с. Белимбегово, Скопје.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Примерокот е регистриран од страна на сер Артур Еванс.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 54 сантиметри.

Ширина: 110 сантиметри.

Должина: 148 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Станува збор за капак од саркофаг, изработен од травертин, во форма на двосливен покрив. Сочуван е нешто повеќе од половина. На двата сочувани агли има акротерии без видливи декорации, додека на горната страна од капакот има латински натпис во tabula ansata.

D · M

V L P I A · M A R C I A

VIXIT·ANN · XXXVIII

C · SENTIVS · PRIMVS

V X O R I · BENEMERENTI

Прилози: Бидејќи ковчегот од саркофагот не е пронајден (најден е само капакот), не се забележани остеолошки остатоци, ниту некакви прилози кои се поврзани со ова погребување.

ЛИТЕРАТУРА: Примерокот е неинвентариран, поради што голем дел од податоците не ми се познати. Evans A. 1885; Петковски Р. 2014.

*Саркофази со натпис во tabula ansata на ковчегот*

**Кат. бр. 32**



ПРЕДМЕТ: Саркофаг со капак од малоазиски тип.

ЛОКАЛИТЕТ: Уништена некропола на територијата на Скупи, на десниот брег на реката Вардар. На булеварот „Партизански одреди", на делницата од ул. „Московска" до мостот „Обединети нации" и во минатото биле наоѓани камени споменици кои припаѓале на една поголема некропола, чии граници не може да се утврдат.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Случаен наод при изведба на канализација.

ДИМЕНЗИИ:

| КОВЧЕГ: | КАПАК: |
|---|---|
| Висина: 102 сантиметри. | Висина: 42 сантиметри. |
| Ширина:105 сантиметри. | Ширина: 232 сантиметри. |
| Должина: 230 сантиметри. | Должина: 110 сантиметри. |

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Се работи за саркофаг од малоазиски тип, со капак во форма на двосливен покрив, со четири масивни акротерии на аглите. Внатрешниот дел на капакот е издлабен и ја следи формата на покривот. Долната површина на капакот е профилирана за да може да се вклопи на ободот од ковчегот на саркофагот. Треба да се одбележи дека само од едната страна има жлеб за кламфи за спојување на капакот и ковчегот, а сочувана е и кламфата, изработена од железна лента обложена со олово. Имено, на долниот дел капакот бил нажлебан со профилација која овозможувала тој да не се лизга од ковчегот по неговото поставување. Изработен е од локален травертин, со рустична обработка со длето, во стил и техника

идентични како капакот. Сите три страни се недекорирани, додека четвртата надолжна страна е посебно обработена. Имено, непознатиот каменорезец направил правоаголно вдлабнато поле tabula ansata со димензии 100 x 60 сантиметри и длабочина од 2 сантиметри, со намена во него да биде вметнат натпис, кој најверојатно не бил изведен или пак пропаднал доколку бил направен со боја.

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Необјавен. Инвентарна книга на ЈУ Музеј на Град Скопје – Скопје, влезен број 89113/А и теренски инвентарен број 907/19.

**Кат. бр. 33**



ПРЕДМЕТ: Фрагментарен саркофаг со капак од малоазиски тип.

ЛОКАЛИТЕТ: Кај административниот центар на „Алуминка“.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: случаен наод при градежни активности.

ДИМЕНЗИИ:

| КОВЧЕГ: | КАПАК: |
|---|---|
| Висина: 68 сантиметри. | Висина: 52 сантиметри. |
| Ширина: 110 сантиметри. | Ширина: 170 сантиметри. |
| Должина: 233 сантиметри. | Должина: 124 сантиметри. |

ДАТИРАЊЕ: II век од н. е.

ОПИС: Станува збор за саркофаг со правоаголна форма, од малоазиски тип, видно оштетен. На едната надолжна страна од ковчегот, која е и подобро сочувана, се издвојува нејасна tabula ansata во плиток релјеф. Останатите страни се недекорирани. Капакот е доста оштетен и е во форма на двосливен покрив, со четири акротерии на аглите, од кои сочувани се само две како целина, додека другите две се откршени. Истиот не е реконструиран. Акротериите се релјефно обработени со флорна декорација, односно изведени се полупалмети. На едната страна од капакот се забележува жлеб за кламфи, кои служеле за спојување на капакот и ковчегот. Изработен е од локален травертин, со рустична обработка со длето, во стил и техника идентични како капакот. Сите страни се недекорирани. Во внатрешноста на ковчегот има благо закосување во вид на перница, односно потпирач за главата на покојникот.

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Инвентарна книга на ЈУ Музеј на Град Скопје – Скопје, влезен број 16159 и теренски инвентарен број 2763.

**Кат. бр. 34**



ПРЕДМЕТ: Ковчег од саркофаг.

ЛОКАЛИТЕТ: Југоисточна некропола, Скупи.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Заштитни археолошки истражувања, 2022/2023 г.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 73 сантиметри.

Ширина: 88 сантиметри.

Должина: 209 сантиметри.

Длабочина: 55 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: II век од н. е.

ОПИС: Ковчег од саркофаг, изработен од локален травертин, со рустична обработка. На предната челна страна има латински натпис во tabula ansata. Му недостасува капакот, па затоа не можеме да знаеме каква форма имал.

D M

N E R I A Q V I N T A V I X I T

A N N I S L X L H · S · E

N E R I A L V P V L A M A T R I B · M · F · C

Прилози: Нема податоци.

ЛИТЕРАТУРА: Неинвентариран и необјавен.

**Кат. бр. 35**








ПРЕДМЕТ: Саркофаг со капак.

ЛОКАЛИТЕТ: Југоисточна некропола, Скупи.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Заштитни археолошки истражувања, 2022/2023 г.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 87 сантиметри.

Ширина: 88 сантиметри.

КАПАК:

Висина: 50 сантиметри.

Ширина: 95 сантиметри.

Должина: 214 сантиметри. Должина: 104 + 115 сантиметри.

Длабочина: 61 сантиметар.

ДАТИРАЊЕ: II век од н. е.

ОПИС: Ковчег од саркофаг, со капак, од малоазиски тип. Капакот е прекршен на половина, на два дела. Во акротериите на предната страна се издлабени латинските букви D и M. На предната челна страна од ковчегот во tabula ansata има испишан латински натпис.

D M

L T V R R A N I V S G A L L I

C V S A V G C O L · S C · V P

V I X · A N N I S X X X V

H · S · E

T V R · R A N I V S HE R C V L A N

E T · I V L I A S O Z O M E NE P A R E

F I L P F C

Прилози: Нема податоци.

ЛИТЕРАТУРА: Неинвентариран и необјавен.

**Кат. бр. 36**




ПРЕДМЕТ: Ковчег од саркофаг.

ЛОКАЛИТЕТ: Југоисточна некропола, Скупи.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Заштитни археолошки истражувања, 2022/2023 г.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 105 сантиметри.

Ширина: 120 сантиметри.

Должина: 241 сантиметар.

Длабочина: 81 сантиметар.

ДАТИРАЊЕ: II век од н. е.

ОПИС: Се работи за долен дел од саркофаг, односно ковчег од малоазиски тип, пронајден во повеќе делови. Недостасува капакот, па затоа не можеме да кажеме каква форма имал. Нема жлебови за кламфи за спојување на капакот и ковчегот. Изработен е од локален

травертин, со рустична обработка со длето. На едната надолжна страна во tabula ansata е зачуван подолг текст со старогрчко и латинско писмо. Останатите страни се недекорирани.

Прилози: Нема податоци.

ЛИТЕРАТУРА: Неинвентариран и необјавен.

**Кат. бр. 37**



ПРЕДМЕТ: Ковчег од детски саркофаг.

ЛОКАЛИТЕТ: Југоисточна некропола, к. п. 925, Г – 3856.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Систематски археолошки истражувања, 2011 год.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 44 сантиметри.

Ширина: 56 сантиметри.

Должина: 101 сантиметар.

ДАТИРАЊЕ: Втора половина на I век од н. е.

ОПИС: Се работи за мал, односно детски саркофаг. Капакот недостасува, поради што не можеме да знаеме во каква форма бил. Од двете потесни страни има жлебови за кламфи кои служеле за спојување на капакот и ковчегот. Изработен е од локален травертин, со рустична обработка со длето на трите страни (кои се без декорации), додека на четвртата, односно предната страна има латински натпис, врамен во tabula ansata, кој содржи 5 реда.

D · M · VELLINVS · EV

HODVS · VIXANNO · I ·

M · VII · H · S · E · GNÆVS

CAECI ţ V · S · PHLIPPVS

PATER POSVIT

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Инвентарна книга на ЈУ Музеј на Град Скопје – Скопје, влезен број 81042.

*Саркофази со натпис во профилирана рамка на ковчегот*

**Кат. бр. 38**



ПРЕДМЕТ: Саркофаг со капак.

ЛОКАЛИТЕТ: Бардовци. Денес се наоѓа во НУ Археолошки музеј на РС Македонија (Куршумли ан).

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Примерокот е регистриран од копачи при копање на лозов насад.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 89 сантиметри.

Ширина: 100 сантиметри.

Должина: 219 сантиметри.

КАПАК:
Висина: 59 сантиметри.

Ширина: 105 сантиметри.

Должина: 225 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: III век од н. е.

ОПИС: Саркофаг од малоазиски тип, изработен од локален травертин. Пронајден е заедно со капакот кој е во форма на двосливен покрив и е декориран со акротерии на сите четири агли. На предната, односно челната страна на ковчегот има латински натпис во 4 реда, во плитко вдлабено натписно поле со повеќекратна профилирана рамка. Ковчегот е доста

оштетен, но натписот е јасно читлив и од преводот се гледа дека тука бил погребан ветеранот Марко Терентиј Терентијан, кој како центурион служел во неколку легии. Капакот исто така има забележливи украсни детали, односно профилации.

D(is) M(anibus)

M. Terentio Terentiano (centurioni) legio-

num qui vixit annis LII h(ic) s(itus) e(st)

Iulia Didyme coniugi b(ene) m(crenti) f(aciendum) c(urav't)

curante [T]erente Makrino libert(o)

Прилози: Недостасуваат податоци.

ЛИТЕРАТУРА: Трухелка Ћ. 1929, 80–81; Инвентарна книга на НУ Археолошки музеј на РСМ со инвентарен број АМРСМ-А-644 и влезен број 42105; Микулчиќ И. Скопје со околните тврдини. 1982, 47.

**Кат. бр. 39**



ПРЕДМЕТ: Фрагментарен долен дел од саркофаг од малоазиски тип.

ЛОКАЛИТЕТ: На стариот пат од Злокуќани кон Влае, на длабочина од 4 метри, територија на локалитетот Скупи.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: При ископ за канализација од страна на „Агроимпекс“.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 86 сантиметри.

Ширина: 88 сантиметри.

Должина: 204 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: III век од н. е.

ОПИС: Се работи за долен дел од саркофаг, односно ковчег од малоазиски тип, пронајден во повеќе делови. Капакот недостасува, односно не е пронајден, па поради тоа не можеме да кажеме каква форма имал. Нема жлебови за кламфи за спојување на капакот и ковчегот. Изработен е од локален травертин, со рустична обработка со длето. На едната надолжна страна, во поле оградено со профилирана рамка, е зачуван подолг текст со старогрчко и

латинско писмо, додека на една од потесните страни исто така се забележува поле со профилирана рамка. Останатите две страни се недекорирани. Во внатрешноста на ковчегот има благо закосување во вид на перница, односно потпирач за главата на покојникот.

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Инвентарна книга на ЈУ Музеј на Град Скопје – Скопје, влезен број 16164 и теренски инвентарен број 2768.

*Саркофази со капак во форма на двосливен покрив, со акротерии на аглите и со декорација во форма на профилирана рамка*

**Кат. бр. 40**



ПРЕДМЕТ: Саркофаг од малоазиски тип.

ЛОКАЛИТЕТ: Ул. Партизански одреди, станбен блок 6, гроб бр. 2. Денес се наоѓа на платото пред Музеј на Град Скопје – Скопје.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: 1969 год.

ДИМЕНЗИИ:

| КОВЧЕГ: | КАПАК: |
|---|---|
| Висина: 102,5 сантиметри. | Висина: 49 сантиметри. |
| Ширина: 102,5 сантиметри. | Ширина: 108,5 сантиметри. |
| Должина: 210 сантиметри. | Должина: 220 сантиметри. |

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Саркофаг од малоазиски тип, со ковчег и капак. Капакот е во форма на двосливен покрив, со акротерии на сите четири агли. На пократките страни има врежани триаголни фронтони, а во едниот од нив има истакнато кружно поле. На пократките страни од ковчегот се изведени квадратни полиња профилирани во троделна пластична рамка, а во средината на горната страна од полињата се изведени полукругови. На едната подолга страна ковчегот има вдлабнато поле, кое е сосема плитко, што доведува до заклучок дека најверојатно е недовршен. Делумно е сочувана една железна кламфа.

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози.

ЛИТЕРАТУРА: Необјавен. Инвентарна книга на ЈУ Музеј на Град Скопје – Скопје, влезен број 16034 и теренски инвентарен број 2639.

**Кат. бр. 41**

ПРЕДМЕТ: Саркофаг со капак.



ЛОКАЛИТЕТ: Југоисточна некропола, Скупи.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: заштитни археолошки истражувања.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 88 сантиметри.

Ширина: 88 сантиметри.

Должина: 210 сантиметри.



КАПАК:

Висина: 56 сантиметри.

Ширина: 100 сантиметри.

Должина: 220 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Целосно сочуван саркофаг со капак од малоазиски тип. Изработен е од травертин, со рустична обработка. Ковчегот е декориран со профилирани линии кои не формираат рамка, туку продолжуваат на сите четири страни од ковчегот. На пократките страни од ковчегот, во средината на горната страна, се изведени полукругови. Капакот е изведен во форма на двосливен покрив, со акротерии на сите четири страни на кои се изведени линии кои формираат триаголен фронтон. Од двете страни има жлебови за кламфи за спојување на капакот со ковчегот.

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози. ЛИТЕРАТУРА: Неинвентариран и необјавен.

*Саркофази со декоративни елементи на ковчегот*

**Кат. бр. 42**



ПРЕДМЕТ: Мал саркофаг.

ЛОКАЛИТЕТ: Црквиште, Ореовец.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: нема податоци.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 47 сантиметри.

Ширина: 50 сантиметри.

Должина: 103 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: II век од н. е.

ОПИС: Мал саркофаг од бел мермер, кој со преграда внатре е поделен на два дела. Во средината, поголемиот дел (55 x 34 сантиметри) е продупчен со кружна дупка, додека малиот дел (34 x 29 сантиметри) на дното има оловна цевка која однадвор води во поголемиот дел. На една од подолгите страни осуарот е декориран со релјеф од три керамички сада, односно една висока, но тесна чаша без дршки од левата страна, амфора во средината и уште еден висок, но исто така тесен сад со една дршка од десната страна. Сите три сада се украсени, а амфората има препознатливи украси од листови и гроздови.

Прилози: Нема податоци за евентуални наоди или остеолошки остатоци.

ЛИТЕРАТУРА: Вулић Н. Споменик СКА 71, стр. 166, бр. 433.

## Осуари

*Осуари со декоративен фриз на ковчегот*

**Кат. бр. 43**



ПРЕДМЕТ: Ковчег од осуар.

ЛОКАЛИТЕТ: Југоисточна некропола.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Систематски археолошки истражувања, 2011 год.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 72 сантиметри.

Ширина: 80 сантиметри.

Должина: 88 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Фрагментиран долен дел од осуар, изработен од сивкаст мермер. Декориран е од три страни, а со четвртата најверојатно бил допрен до ѕид на погребна комора. Има коцкаст реципиент, долу е проширен во профилирана база. Декориран е со букраниони, најверојатно на сите четири агли, но сочувани се само два, од кои едниот е само делумно сочуван, кои меѓусебно се поврзани со гирланда која е поврзана со долга панделка, чии краеви се префрлени преку главите на букранионите и висат надолу, таласесто. На самата гирланда на средината има мала розета и грозд, а над неа има шестлисна спирална розета, но целосно е сочувана само една.

Прилози: нема податоци.

ЛИТЕРАТУРА: Неинвентариран и необјавен.

**Кат. бр. 44**



ПРЕДМЕТ: Мал саркофаг.

ЛОКАЛИТЕТ: Скопско Кале. Денес се наоѓа во импровизирана барака (лапидариум) на скопската тврдина Кале.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Откриен при редовни археолошки истражувања под раководство на проф. д-р Драги Митревски.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 49 сантиметри.

Ширина: 55 сантиметри.

Должина: 86 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: II – III век од н. е.

ОПИС: Осуар, изработен од варовник, секундарно употребен како корито за чешма. На челната страна е украсен со две гирланди, меѓусебно поврзани со букранион. На аглите е украсен со овнови глави, додека на бочните страни има претстава на розета.

Прилози: Бидејќи осуарот е најден како секундарно употребен, остеолошки остатоци и евентуални прилози не се регистрирани.

ЛИТЕРАТУРА: Митревски Д. 2016.

**Кат. бр. 45**



ПРЕДМЕТ: Ковчег од осуар.

ЛОКАЛИТЕТ: Стоби, Градско (денес, доколку не е изгубен, би требало да се наоѓа во Народниот музеј Белград).

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: нема податоци.

ДИМЕНЗИИ: Бидејќи овој примерок не е инвентариран, голем дел од податоците не ми се достапни.

ДАТИРАЊЕ: II век од н.е.

ОПИС: Долен дел од осуар, кој секундарно бил употребен во некоја крстилница, во некоја од базиликите од Стоби. Од приложената фотографија може да се распознаат три ликови на челната страна, под кои се наоѓа гирланда која најверојатно го обвиткува ковчежето од сите четири страни. Декорацијата на бочните страни не е доволно препознатлива, па поради таа причина не можам да направам дистинкција дали станува збор за претстава на човечки ликови или розети.

Прилози: Бидејќи е најден како секундарно употребен, евентуални остеолошки остатоци или прилози отсуствуваат.

ЛИТЕРАТУРА: Petrovič J. Glasnik Hrvatskih zemaljskih muzeja u Sarajevo, „U Stobima danas“. Sarajevo, 1942.

**Кат. бр. 46**



ПРЕДМЕТ: Мал кружен осуар, единствен во Р Македонија.

ЛОКАЛИТЕТ: Чаковец, с. Ресава, Тиквеш (Кавадарци). Денес се наоѓа во НУ Археолошки музеј на РС Македонија.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: нема податоци.



ДИМЕНЗИИ: примерокот се наоѓа во депото на музејот, поради што голем дел од податоците не ми се достапни.

ДАТИРАЊЕ: II – III век од н. е.

ОПИС: Мал кружен осуар, со капак во вид на шишарка. Единствен е од ваков вид во Македонија. Средишниот дел на контејнерот е украсен со релјефен фриз на букраниони, накитени со орнамент од гирланди од флорални и зооморфни елементи. Изработен е од мермер кој потекнува од локалитетот Курилово.

Прилози: Нема податоци.

ЛИТЕРАТУРА: Винчиќ Ж. 1996, 346, 394; Керамидчиев А. 1987, 116.

**Кат. бр. 47**



ПРЕДМЕТ: Фрагмент од осуар.

ЛОКАЛИТЕТ: Манастир „Св. Богородица“, Матка, Скопје.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: нема податоци.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Ширина: 20 сантиметри.

Должина: 43 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: II – III век од н. е.

ОПИС: Фрагмент од осуар, изработен од сив мермер. Вграден како сполија во ѕидот на конакот. Релјефот претставува овнова глава со подврзана врвца над роговите.

Прилози: Бидејќи е најден како секундарно употребен, евентуални остеолошки остатоци или прилози отсуствуваат.

ЛИТЕРАТУРА: Вулиќ Н. Споменик СКА 71, стр. 212, бр. 564.

**Кат. бр. 48**



ПРЕДМЕТ: Долен дел од осуар.

ЛОКАЛИТЕТ: Непознат локалитет, Битола. Денес се наоѓа во НУ Археолошки музеј на РС Македонија (Куршумли ан).

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: нема податоци.

ДИМЕНЗИИ:

КОВЧЕГ:

Висина: 20 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: II – III век од н. е.

ОПИС: Мал четириаголен осуар од бел мермер, од кој сочувани се само три страни. Релјефно е декориран. На трите страни има розети, а под нив има гирланди, додека на четвртата страна наместо розета има женска глава со плетенки кои одат под гирландата. Трите агли, кои се видливи, се декорирани со овнови глави, а четвртиот агол недостига,

односно е откршен. На спротивната страна од онаа со женската глава, на гирландата се гледа заден дел од коњски труп.

Прилози: Нема податоци.

ЛИТЕРАТУРА: Вулић Н. Споменик СКА 71, стр. 20, бр. 35.

**Кат. бр. 49**

ПРЕДМЕТ: Осуар.



ЛОКАЛИТЕТ: с. Дупјачани, Општина Долнени.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: нема податоци.

ДИМЕНЗИИ:

Висина: 29,7 сантиметри.

Должина: 61 сантиметар.

Ширина: 58 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: II – III век од н. е.

ОПИС: Мал осуар украсен со гирланди.

Прилози: Бидејќи примерокот е неинвентариран, голем дел од податоците не ми се достапни.

ЛИТЕРАТУРА: Лилиќ В. 2001, 399.

**Кат. бр. 50**



ПРЕДМЕТ: Фрагмент од осуар.

ЛОКАЛИТЕТ: Црква Св. Никола, Варош, Прилеп.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Денес стои вграден како сполија во западната фасада на црквата.

ДИМЕНЗИИ: Бидејќи примерокот е неинвентариран, голем дел од податоците не ми се достапни.

ДАТИРАЊЕ: II – III век од н. е.

ОПИС: Аголен дел од споменик, изработен од бел мермер, ѕидан како сполија во западната фасада на црквата. Релјефно е украсен е со овнова глава и гирланда.

Прилози: Бидејќи е најден како секундарно употребен, евентуални остеолошки остатоци или прилози отсуствуваат.

ЛИТЕРАТУРА: Лилчиќ В. 2001, 387–388.

**Кат. бр. 51**



ПРЕДМЕТ: Фрагментарен долен дел од осуар.

ЛОКАЛИТЕТ: Селски гробишта, с. Браилово, Прилеп.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Бидејќи примерокот е неинвентариран, голем дел од податоците не ми се достапни.

ДИМЕНЗИИ: Бидејќи примерокот е неинвентариран, голем дел од податоците не ми се достапни.

ДАТИРАЊЕ: II – III век од н. е.

ОПИС: Станува збор за долен дел од осуар, изработен од мермер, релјефно украсен од сите четири страни со гирланди, а над гирландата која се наоѓа на предната челна страна може да се препознае фигура на берач на грозје. Едната долга страна е сосема откршена.

Прилози: Нема податоци.

ЛИТЕРАТУРА: Археолошка карта, 1996, 282.

*Осуари со натпис во натписно поле во tabula ansata на капакот*

**Кат. бр. 52**



ПРЕДМЕТ: Капак од осуар.

ЛОКАЛИТЕТ: Шамаци, помеѓу с. Ресава и с. Брушани.

НАЧИН НА НАОЃАЊЕ: Нема податоци.

ДИМЕНЗИИ:

Висина: 27 сантиметри.

Ширина: 77 сантиметри.

Должина: 57 сантиметри.

ДАТИРАЊЕ: Крај на III и почеток на IV век од н. е.

ОПИС: Се работи за горен дел од осуар, односно рамен капак, со врамена предна страна на која е претставен натпис во два реда, впишан во tabula ansata, додека од страните има две кружни претстави со впишан крст. На аглите од сите четири страни, како и на средишниот дел има декорација од акротерии. Изработен е од андезит.

Прилози: Саркофагот е најден без остеолошки остатоци, ниту некакви прилози.

Литература: Инвентарен картон на Музеј галерија – Кавадарци, инвентарен број 204.

*Осуари со натписи во tabula ansata на ковчегот*

**Кат. бр. 53**



ПРЕДМЕТ: Ковчег од осуар.

